**Општинско основно училиште**
**,,Крсте П. Мисирков” – Оризари, Кочани**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**2020-2022 ГОДИНА**

**Оризари, јули, 2022**

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ НА УЧИЛИШТЕТО:**

*Име на училиштето:* ООУ „Крсте П.Мисирков”
*Адреса на училиштето:* „Маршал Тито” Бр.20
Телефон */ факс:* (+ 033) 294 597
*е- маил:* orizari_kpmisirkov@yahoo.com




**МОТО**

**„Ученикот е во центарот на вниманието”**

## 1.Лична карта на училиштето

ООУ ”Крсте П. Мисирков” се наоѓа во централното подрачје на населбата Оризари, општина Кочани. Неговата местоположба овозможува брз и лесен пристап до сите поважни културни институции, воспитно-образовни установи и други организации со кои соработува училиштето.

Училиштето прв пат почнало со работа во далечната 1912 година во склоп на егзархската гимназија во Кочани и до 1944 година наставата наизменично се менувала на бугарски и српски јазик. Низ историјата училиштето неколку пати го менувало името и тоа “Даме Груев”, “Св.Климент Охридски” и од 1945 година го носи името “Маршал Тито”се до 1993 година кога по иницијатива на Министерството за образование, училиштето го доби името “Крсте П. Мисирков”, име кое претставува синоним на долготрајната борба на македонскиот народ на национална и културна афирмација.

Во состав на училиштето работи  едно подрачно училиште во с.Прибачево, каде се одвива настава во една комбинирана паралелка.

Училишните згради во централното и подрачното училиште овозможуваат непречено одвивање на наставата, но дел од училишниот објект во централното и подрачното училиште се стари и потребна е реконструкција.

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Во централното училиште има 11 универзални училници, 1 кабинет по техничко образование (роботека- добиен од проект од ПЕП), 1 кабинет по информатика, 1 кабинет по хемија и природни науки, 2 специјализирани училници за I одд, библиотека како и простор за наставни средства и помагала.

Училиштето располага и со простории за наставниците, администрација и стручна служба, како и со ходници, скали, санитарни јазли и подрумски простории.

Во подрачното училиште се користи една универзална училница.

## НАСТАВНИ ПРОСТОРИИ

| | Вид простории | Оризари Бр. $м^2$ | Прибачево Бр. $м^2$ | Вкупно Бр. $м^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Универзални училници | 11<br>588 | 2<br>102 | 13<br>690 |
| 2 | Работилница ТО (Роботека) | 1<br>54 | / | 1<br>54 |
| 3 | Кабинет по информатика | 1<br>54 | / | 1<br>54 |
| 4 | Библиотека | 1<br>36 | / | 1<br>36 |
| 5 | Простор за наставни средства и помагала | 4<br>91 | / | 4<br>91 |
| | Вкупно | 18<br>823 | 2<br>102 | 20<br>925 |

## ДРУГИ ПРОСТОРИИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наставници и администрација | 3<br>90 | 1<br>12,75 | 4<br>102,75 |
| 2 | Педагошко-психолошка | 2 | / | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | служба | 16 | | 8 |
| 3 | Ходници | 4<br>332 | 1<br>50 | 5<br>382 |
| 4 | Скали | 2<br>75 | / | 2<br>75 |
| 5 | Санитарни јазли | 4<br>60 | / | 4<br>60 |
| 6 | Подрумски простории | 2<br>225 | / | 2<br>225 |
| | ВКУПНО | 16<br>796 | 2<br>62,75 | 18<br>852,75 |

Во училиштето се изгради и спортска сала од 1250 м$^2$, во која постојат одлични услови за реализација на наставната програма по ФЗО како и за рекреација на жителите на Оризари, како и околните места и градот Кочани.

Во однос на опременоста на училиштето со наставни средства и помагала може да се каже дека спаѓа во добро опремените училишта.

Од опрема училиштето поседува: апарати за копирање 4, графоскопи 1, микроскоп 2, касетофони 8, географски и историски карти, 1 клавир, хармоники 7, клавијатура 1, како и доволно опремени нагледни средства по физика, хемија и биологија,

Во секоја училница има проектор поврзан со десктоп компјутер, а во училниците за четврто одделение има смарт табли.

Училиштето има библиотека која располага со околу 10 000 книжен фонд.

Во училиштето има компјутерски кабинет за потребите на наставата по информатика, специјализирана училница по техничко образование, а со компјутери се опремени 5 училници, како и за потребите на наставниците има лаптопи.

**ООУ „Крсте П. Мисирков“ – Оризари, Кочани**

**Училишниот одбор на ден 21.07.2022 година ја усвои следнава:**

**ОДЛУКА**

На ден 21.07.2022 на одржаниот состанок од страна на училишниот одбор беше освоена Самоевалуацијата на училиштето (СЕУ).

Оризари, 21.07.2022 година

Претседател на училишен одбор:

Јасна Христова

..............................................................

САМОЕВАЛУАЦИЈАТА на училиштето започна од месец јуни и траеше до јули, 2022 година. Активностите во однос на самоевалуацијата се спроведуваа и реализираа од работните групи во кои работеа сите наставници распоредени по подрачја, под раководство на одговорните наставници за подрачјето. Се формирше Комисија за изработка на самоевалуацијата од страна на УО, по предлог на директорката, во состав:

1. Наставни планови и програми – Сања П. Велкова (наставник по германски јазик)
2. Постигања на учениците – Маргарита Велкова (наставник по математика и физика)
3. Учење и настава – Голубина Василева (одделенски наставник)
4. Поддршка на учениците и училишна клима– Маријан Стоименов (наставник по музичко)
5. Ресурси и управување, раководење и креирање политика – Јасна Христова (совет на родители)

Координатори на работата околу самоевалуацијата беа Ирена Ј. Димитрова (наставник по хемија) и Марија Величкова (психолог).

Во спроведувањето на самоевалуацијата учествуваа речиси сите наставници со одредени задачи.

Групите успешно ја завршија својата работа преку спроведување на анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите, анализа на годишни и полугодишни извештаи, записници од одржани совети, анализа на наставен план и програма, главни книги, од што произлегоа следниве резултати по подрачја.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

*Оддели во рамките на подрачјето:*

**1.1 - Применувани наставни планови и програми**

- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за новите наставни планови и програми во 5 и 2 одделение
- Избор на наставни предмети
- Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето
- План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди
- Реализација на образование за животни вештини на одделенски час
- Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето

**1.2 - Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**

- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми
- Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето
- Интегрирање на МИО содржини во наставата

**1.3 - Обем на разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**

- Опфатеност на учениците во воннаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**
**(i) Обработка на документи**

| Наведете ги сите документи кои се прегледани. | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1.1**<br><br>– **Програми на МОН и БРО**<br>– **Програми на наставни предмети (годишни, тематски, дневни)**<br>– **Записници од наставнички совети**<br>– **Совет на родители**<br>– **Родителски средби**<br>– **Одделнски дневници**<br>– **Годишна програма** | - Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем по сите задолжителни и изборни предмети.<br>Успешно се применети и  новите наставни планови и програми за 1 и 4 одд.<br>- Врз начинот на реализација на наставните планови и програми постојат можности наставниците да влијаат, посебно во програмите кои се работат според новата концепција за основно образование<br>- Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини да ги информира членовите на Советот на родителите за целите на наставните планови и програми.<br>- Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува преку разни семинари и обуки за едукација<br>- Наставните планови и програми им се достапни на сите родители и преку консултации може да се запознаат со нивната содржина<br>-Учениците преку разни форми вршат избор на наставните предмети, а со договор на родителите и наставниците<br>- Наставниците добиваат поддршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, јавни-отворени часови, презентирање на посетени семинари на останатите наставници.<br>- Училиштето е вклучено во Проектот „Фудбал во училишта“  во кој се вклучени учениците од одделенска настава  (ученици од 2 до 5 одд), а го реализира наставникот по ФЗО. Проектот го спроведува Фудбалската федерација на Македонија во соработка со Федерацијата на училишен спорт.<br>- Училиштето има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проект. Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигнување конкретни резултати во текот на целата учебна година.<br>-Училиштето е вклучено во Еко-проектот поддржан од МОН и успешно ги реализира планираните активности. Наставниците од одделенска настава се вклучени во проектите „Јазична писменост“ и „Математика со размислување“ во почетните одделенија. Училиштето е вклучено во Проектите „Меѓуетничка интеграција во образованието“ (МИО) и „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ во реализација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. |

| | |
|---|---|
| **1.2**<br><br>– **Присуство на отворени часови (записници на Стручни активи)**<br><br>– **Предавање и трибини од стручни лица (брошури, флаери)**<br>– **Изготвување портфолија**<br><br>– **Тематските планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошката програма;**<br><br>– **Годишен извештај за работата на училиштето за 2021-2022 година;**<br><br>– **Годишна програма за работа на училиштето за 2021-22 година;** | - Со помош на стручни лица и разни семинари училиштето им дава солидна поддршка на наставниците за осовременување на наставните планови и програми<br>- Секогаш постојат можности за разни пристапи кон содржините за реализација на повеќе наставни предмети<br>- Согласно планот и програмата наставниците ги поучуваат учениците да соработуваат. Сите конфликти се решаваат со разговор, со кои се подучуваат учениците што е добро, а што не<br>- Локалната средина учествува и помага во одредени активности кои треба да се вклучат во наставните планови и програми. Тие се вклучуваат со постојана соработка, на пр<br>а) Медицински Центар Кочани преку редовни систематски прегледи и вакцинации<br>б) Полицијата врши предавања за сообраќајот, користење на пиротехнички средства, наркоманија, безбедност при користење на интернет и сл.<br>в) Црвениот Крст врши предавања за заразни болести, работата и значењето на волонтерството и слично.<br>- Од областа на граѓанското образование училиштето ги информира учениците за човековите права, детските права. Во наставата се опфатени и други теми поврзани со општествената проблематика.<br>- Училиштето покренува иницијатива за вклучување на наставниците, родителите и социјалните партнери во соработка и реализација на акции од еколошката програма.<br>- Училиштето има воведено содржини од областа на антикорупцијата во Годишната програма, а содржините ги реализираат стручната служба со наставникот по граѓанско образование.<br>- Според годишниот извештај за 2021/22 година МИО активности се реализираат според планираното, со тоа што училиштето нема партнер училиште и не се реализирани заеднички меѓуетнички активности.<br>- Во годишната програма на училиштето има посебен дел за планирани МИО активности. |
| **1.3**<br>– **Програми за воннаставни активности**<br>– **Освоени дипломи, награди, пофалници, признанија од учество на манифестации и натпревари**<br>– **Извештаи од учество на натпревари**<br>– **Записниците од стручни активи.** | - Во годишното планирање предвидени се посети, набљудувања, екскурзии, драмска секција, англиска секција, спортски секции, хор, оркестар и други активности произлезени од потребите и интересите на учениците. Сите овие активности подеднакво им се достапни и на машките и женските ученици.<br>-Планирани се активности со антикорупциски содржини и истите се рализирани според планираното.<br>- Со воннаставните активности го афирмираме училиштето во општината. Ученикот добива желба и стимул за да се занимава со некое хоби, да учествува на натпревари, корисно да го поминува слободното време и на тој начин училиштето им дава поддршка на учениците за нивниот личен и социјален развој. Нашето училиште редовно учествува на натпревари од различни области.<br>- Во рамките на училиштето се реализираат и натпревари за ликовен и литературен конкурс по |

| | |
|---|---|
| – **Годишен извештај на училиштето** | повод одредени манифестации: ден на дрвото - екологија, ден на планетата Земја, патронен празник, хуманитарни акции и слично.<br>Учебната 2021.22 година училиштето успешно реализираше проект од ЕРАЗМУС + програмата, со наслов „Забавни дигитални часови. Овој е втор успешно реализиран проект од оваа прокграма.<br>Во тек на месец март, 2022 година училиштето аплицираше на уште еден прокет од оваа програма, а разултати во врска со апликацијата се очекуваат во тек на септември/октомври 2022 година. |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **- Анкета**<br><br>**Анкетата е спроведена по случаен избор и во неа беа вклучени различен број на испитаници од сите три субјекти во наставата: Наставници, родители и ученици** | **- Работната група е составена од слединиве наставници:**<br><br>**Марија Величкова – Психолог**<br>**Весна Лазарева- наставник**<br>**Матоди Андонов- наставник**<br><br>**- Наставници** | Со анкетата беа опфатени вкупно 30 наставници.<br>Од анкетата што беше спроведена меѓу наставниците се дојде до следните сознанија:<br>- 52% од наставниците целосно се согласуваат дека наставниот план и програма се обемни за учениците<br>- 42 % од наставниците делумно се согласуваат дека квалитетот на содржината во учебниците ги задоволува потребите на учениците<br>- 64 % од наставниците се согласуваат дека се вклучени во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето<br>- 70 % од наставниците целосно се согласуваат дека наставниците ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми дадени од МОН<br>- 30 % од наставниците делумно се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците<br>- 48 % од наставниците не се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците со посебни образовни потреби<br>- 35% од наставниците целосно се согласуваат дека училиштето нуди избор |

| | | |
|---|---|---|
| | | на повеќе изборни предмети според наставниот план и програм<br>- 30% од наставниците се согласуваат дека се вклучени во реализација на еколошките проекти<br>- 25 % од наставниците делумно се согласуваат дека учествуваат во реализација на содржините од ОЖВ на одделенскиот час |
| | **- Родители** | Со анкетата беа опфатени вкупно 30 родители.<br>Од анкетата што беше спроведена меѓу родителите се дојде до следните сознанија:<br>- 57% од родителите се согласуваат дека наставниот план и програма се обемни за нив учениците<br>- 43 % од родителите делумно се согласуваат дека квалитетот на содржината во учебниците ги задоволува потребите на учениците<br>- 40 % од родителите се согласуваат дека се вклучени во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето (30 % не се запознаени)<br>- 60 % од родителите се согласуваат дека наставниците ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми дадени од МОН<br>- 42% од родителите се согласуваат дека наставниците ги информираат учениците и родителите за планираните активности за реализација на ОЖВ (18 % не се запознаени)<br>- 65% од родителите делумно се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците<br>- 35 % од родителите делумно се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците со посебни образовни потреби<br>- 33 % од родителите не се согласуваат дека училиштето нуди избор на повеќе изборни предмети според наставниот план и програм<br>- 21 % од родителите не се согласуваат дека се запознаени во реализација на еколошките проекти (42 % се запознаени) |
| | | Со анкетата беа опфатени вкупно 30 ученици.<br>Од анкетата што беше спроведена меѓу учениците се дојде до следните сознанија:<br>- 60% од учениците се согласуваат дека наставниот план и програма се обемни за нив учениците<br>- 40% од учениците целосно се согласуваат дека квалитетот на содржината |

| | | |
|---|---|---|
| | **- Ученици** | во учебниците ги задоволува потребите на учениците<br>- 29 % од учениците целосно се согласуваат дека се вклучени во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето<br>- 70% од учениците се согласуваат дека наставниците ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми дадени од МОН<br>- 30 % од учениците се согласуваат дека наставниците ги информираат учениците и родителите за планираните активности за реализација на ОЖВ<br>- 51 % од учениците делумно се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците<br>- 28 % од учениците не се согласуваат дека наставните програми по сите предмети се прилагодени според можностите и потребите на учениците со посебни образовни потреби (34% не се запознаени)<br>- 49 % од учениците се согласуваат дека училиштето нуди избор на повеќе изборни предмети според наставниот план и програми |

| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>– Училиштето ги следи и спроведува современите текови во наставата<br>– Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат<br>– Се реализираат, применуваат и се обезбедени средства и помагала и за реализација на новите наставни планови и програми одобрени од МОН за 1во и 4то одделение според новата концепција за основно образование<br>– Секоја училница е опремена со десктоп компјутер, камера и звучници за потребите на наставниците кои изведуваат настава во таа училница и во секоја училница има проектор.<br>– Наставниците редовно ги изработуваат годишните, тематските планирања и дневните подготовки<br>– Наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми<br>– Училиштето го планира користењето на ресурсите од локалната средина<br>– Информираност на родителите за промените во наставните програми<br>– Учество на родителите при изборот на изборните предмети (училиштето нуди избор на повеќе изборни предмети според наставниот план и програма)<br>– Наставните програми промовираат полова еднаквост и етничка рамноправност<br>– Многубројни награди и постигнати резултати во воннаставните активности<br>– Училиштето има спортска сала за реализација на часовите по физичко воспитување. |
| **Слабости**<br>– Недоволно простории (кабинети за наставници)<br>– Потреба од поголема финансиска поддршка или соодветна награда за наставниците вклучени во воннаставните активности<br>– Наставниот план и програма се обемни за учениците<br>– Потреба од поголема информираност на родителите за наставните програми по сите предмети |
| **<u>Анализа на резултатите:</u>**<br>Од извршената анализа на документите и собраните податоци и ставови преку спроведената анкета, како и преку непосредно набљудување како активни субјекти во наставата и училиштето, јасно ги воочивме и нагласивме јаките и слаби страни на за кои сметаме дека се надминливи доколку им се пристапи со сета сериозност и одговорност како и отвореност во меѓусебната комуникација на сите субјекти. Нашето училиште целосно ги реализира веќе постоечките, како и новите наставни планови и програми предложени од БРО, а одобрени од МОН. За успешна реализација на наставните планови и програми, наставниците ги посетуваат семинарите и обуките што ги организира БРО, како и интерните дисеминации на знаења што училиштето ги реализира во рамките на стручните активи.<br>Повеќето наставници го планираат користењето на ресурсите од локалната средина и ги реализираат воннаставните активности во кои подеднакво се вклучени машките и женските ученици и ученици со различни способности. За тоа се доказ и многубројните награди и постигнати резултати во воннаставните активности. Во наставните програми постои можност за интегративен пристап. Родителите се целосно информирани за целите на наставните планови и програми преку родителските средби. Учествуваат при |

изборот на предметите што ги нуди училиштето како изборни предмети и се задоволни од вклученоста на нивните деца во воннаставните активности.
Придобивките од воннаставните активности се манифестираат преку афирмација на ученици (поединци и групи), целосна афирмација на училиштето, социјализација на учениците, поттикнување и негување на детската љубопитност и креативност, можност за дружење, учество на натпревари, многу добиени награди, пофалници, како и обуки и размена на искуства со училишта и наставници од други држави.
Подобри резултати би постигнале кога училиштето би имало можности и средства за континуиран професионален развој на наставниот кадар во различни области на воспитно образовниот процес, според потребите на наставниците и учениците.

**Идни активности:**

Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Едукативна поддршка на наставниците за професионален развој (едукација и помош за изготвување на планови и програми за надарени деца и деца што побавно напредуваат или за деца со посебни потреби.)
- Запознавање на сите наставници со начинот на реализација на наставата и воспитниот процес според новата концепција за основно образование
- Соодветно наградување за наставниците вклучени во воннаставните активности
- Обезбедување на соодветни простории (кабинети) за реализација на воннаставните активности
- Следење на одржувањето на дополнителната настава и ефектите од истата
- Подетално информирање на родителите за наставните планови и програми

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Оддели во рамките на подрачјето**

2.1 Постигања на учениците

2.2 Задржување (осипување) на учениците

2.3 Повторување на учениците

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| 2.1<br>- Одделенски книги, е-дневник,<br>- годишен извештај,<br>- полугодишен извештај,<br>- записници од наставнички совети, | 1. Тргнувајќи од основната цел и задача на училиштето да биде во служба и функција на учениците, нашиот колектив исклучиво многу се залага да им помогне и да им биде поддршка истовремено.<br>Училиштето преку редовно изведување на наставата, соработката со локалната средина (посети, набљудување), соработката со родителите и педагошко-психолошката служба, обезбедување поголема нагледност, компјутерски училници и реализација на проекти за осовременување на наставата, ги подобрува постигањата на учениците и се намалуваат изостаноците на ниво на училиште.<br>2. Училиштето ги подобрува постигањата на учениците преку дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Се одржуваат дополнителни и додатни часови кои се евидентирани во посебен дел во дневниците и посебна евиденција за овој вид документација. Учениците кои што покажуваат натпросечен интерес и знаење се поттикнуваат и мотивираат да земат учество на натпревари на општинско и државно ниво, како и редовно да учествуваат на актуелните конкурси. За таа цел редовно се одржуваат додатни часови, на кои се прошируваат знаењата. Дополнителната настава се реализира за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето.<br>3. На Наставнички совет се прави споредба со минатогодишните резултати на полугодие и од оваа учебна година, како и споредбени резултати и на крајот на учебната година во ист период од минатата учебна година.<br>4. **ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ПО УЧЕБНИ ГОДИНИ:** |

| Одделение | Просечен успех на учениците по генерации | |
|---|---|---|
| | Учебна 2020/2021 | Учебна 2021/2022 |
| **IV** | 4.63 | 4.71 |
| **V** | 4.83 | 4.61 |
| **IV-V** | 4.73 | 4.66 |
| **VI** | 4.32 | 4.40 |
| **VII** | 3,90 | 4.30 |
| **VIII** | 3,76 | 3,78 |
| **IX** | 4.04 | 3,86 |
| VI-IX | 4,01 | 4,09 |
| **I-IX** | 4,37 | 4,38 |

5. Воспитанието и образованието на учениците со потешкотии во учењето претставува интегрален дел од единствениот образовен систем и како таков се третира и во нашето училиште. Напредокот и постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето редовно се следи од одделенските раководители, предметните наставници и педагошко-психолошката служба. Со овие ученици се работи со посебен пристап во редовната и дополнителната настава.

.

6. Ученици со посебни потреби во училиштето нема, освен една ученичка со физички хендикеп во седмо одделение, која што е одлично интегрирана и успешна во редовната настава. Позабележителни потешкотии во совладување на наставната материја имаа две ученички (едната од четврто одделение, дргата од петто одделение) и за нив беа ангажирани образовни асистенти одобрени од Министерстото за образование, за да им помагаат за полесно совладување на одредени активности, вештини, домашни задачи со пролагодени цели од наставната програма. Кај двете ученички се постигна голем напредок со овој начин на работа. После извршената проценка од МКФ, кај двете ученички беше констатирано дека немаат потреба од образовен асистент и дека ќе ја продолжат наставата самостојно, со помош и поддршка на педагог и одд.наставници.

Во училиштето редовно се одржуваат дополнителни и додатни часови. Додатните часови на кои се проширувааат знаењата сеодржуваат за учениците кои што покажуваат натпросечен интерес и знаење со цел да се поттикнат и мотивираат да учествуваат на натпревари и конкурси.

Дополнителната настава се реализира за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето.

**Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).
(I) Обработка на документи

<table>
<tr><th>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>2.2<br>-Одделенски книги, е-дневник,<br>-Годишен извештај<br>-Главна книга<br>- Разговор со стручнатаслужба( психолог, педагог),<br>- Евиденција на заминати и новодојдени ученици (преведници)<br>- Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата</td><td>

1. За опфатот на учениците во реонот на училиштето добива листа од страна на Општина Кочани која предходно ја добива од МВР со адреси на живеење на родителите. Врз основанатие податоци се праќаат покани на домашни адреси, се информираат родителите дека започнува уписот на првачиња. Исто така училиштето е во постојан контакт и соработка со градинките кои се во нашата околина, се информира за бројот на деца кои ќе се запишат во прво одделение.

2. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците во текот на целата учебна година, прибира податоци, ги анализира и разгледува причините за отсуството на учениците од наставата. Училиштето постојано се залага за зголемување на редовноста, мотивирајќи ги учениците и нудејќи им високо квалитетен образовен процес, имплементирајќи разни проекти, вклучувајќи ги во разни активности, го следи трендот во информатичката технологија и наука воопшто. Родителите се континуирано информирани за изостаноците на учениците.<br>Во последната учебна (2021/22 година) година просечниот број на оправдани изостаноци е околу 10.96 изостаноци по ученик. Причината за поголемиот број изостаноци е непосетувањето на настава од страна на една ученичка, која што поради континуирано непосетување на настава беше пријавена во ДПИ.

<table>
<tr><th></th><th>Учебна 2020/21</th><th>Учебна 2021/22</th></tr>
<tr><td>Вкупно ученици</td><td>205</td><td>210</td></tr>
<tr><td>Оправдани</td><td>1438</td><td>2010</td></tr>
<tr><td>Неоправдани</td><td>176</td><td>291</td></tr>
<tr><td>Вкупно изостаноци</td><td>1614</td><td>2301</td></tr>
</table>

Во учебната 2021/22 год. вкупниот број на изостаноци е поголем од претходната година за 687. Тоа се должи на подолготрајно отсуство на една ученичка од 8мо одделение, која што во континуитет беше отсутна повеќе од еден месец и пријевена во ДПИ поради неоправдано посетување на настава.

3. Во нашето училиште нема идентификувани групи ученици кои се подложни на осипување од училиштето поради</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | етничка припадност, економско сиромашни семејства и други групи.<br>4. Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, со тоа што ги доставува, односно ги бара информациите за образовниот развој на учениците и ги зема предвид при натамошна образовна работа со ученикот. Трендот на намалување на бројот на ученици во секоја учебна година постои но, тоа се должи на општата состојба во државата, не на училиштето. |
| 2.3-Одделенски книги, е-дневник; Годишен извештај; Главна книга; Анализа на успехот на учениците во последните три години ; Закон за основно образование | 5. Во нашето училиште во учебната 2020/2021 и во 2021/2022 година по еден ученик го повторуваше одделението. И во двата случаи причината е во тоа што овие ученици не посетуваа настава за да имаат елементи за оценување. |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник од 13 прашања е спроведен врз 30 испитаника од редот на наставниците** | **- Работната група е составена од слединиве наставници:**<br><br>**Виолета Цекова, Марина Серафимова, Елена Тасевски, Милева Богданова** | **Добиени се следниве резултати:**<br>1. На прашањето дали наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик да научи најмногу што може без разлика на полот и етничката припадност 78% целосно се согласуваат, 15% се согласуваат, 7% делумно се согласуваат.<br>2. На прашањето дали сите ученици учествуваат во активностите за време на часот и вонннаставните активности соодветни на нивните можности и потреби 68 % целосно се согласуваат, 15%се согласуваат, 13% делумно се согласуваат и 4 % не се согласуваат.<br>3. На прашањето дали сите наставници во училиштето подеднакво се однесуваат кон момчињата и девојчињата кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите 75 % целосно се согласуваат,20% се согласуваат, 5 % делумно се согласуваат, нема такви што не се согласуваат.<br>4. На прашањето дали училштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата во учењето 65% целосно се согласуваат, 27% се согласуваат и 8 % делумно се согласуваат.<br>5. На прашањето дали наставниците обезбудуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето како и на надарените ученици 52 % целосно се согласуваат, 35% се согласуваат и 13% делумно се согласуваат.<br>6. На прашањето дали во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области 52 % целосно се согласуваат, 26 % се согласуваат, 14% делумно се согласуваат и 8% не се согласуваат.<br>7. На прашањето дали училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од една во друга учебна година 58 % целосно се согласуваат, 18% се согласуваат, 14% делумно се согласуваат и 10% не се согласуваат.<br>8. На прашањето дали училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста 49% целосно се согласуваат, 33% се согласуваат, 15 % делумно се согласуваат и 3% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 9. На прашањето дали училиштето има податоци за секој ученик што ги користи за да му помогне да се развие и напредува 40% целосно се согласуваат, 38% се согласуваат, 17% делумно се согласуваат и 5% не се согласуваат.<br>10. На прашањето дали за време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење 60%целосно се согласуваат, 24 % се согласуваат, 14 % делумно се согласуваат, 2 % не се согласуваат.<br>11. На прашањето дали наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е наменето да ги мотивира учениците подобро да учат  59% целосно се согласуваат, 33 % се согласуваат, 8 % делумно се согласуваат.<br>12. На прашањето дали наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците 48% целосно се согласуваат, 30 % се согласуваат, 12 % делумно се согласуваат, 10 % не се согласуваат.<br>13. На прашањето дали училиштето имакомпјутери што се користат во наставата и вовоннаставните активности со цел подобрување на постигањата на учениците и стекнување на вештини поврзани со нивниот професионален развој 80% целосно се согласуваат, 14 % се согласуваат, 6 % делумно се согласуваат. |
| **Прашалник од 13 прашања е спроведен врз 30 испитаника од редот на родителите** | **- Работната група е составена од слединиве наставници:**<br><br>**Јорданчо Јанев, Маргарита Велкова,**<br>**Сања Велкова**<br>**Весна Лазарева** | **Добиени се следниве резултати:**<br>1. На прашањето дали наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може без разлика на полот 64% целосно се согласуваат, 28 % се согласуваат, 8 % делумно се согласуваат.<br>2. На прашањето дали сите ученици учествуваат во активностите за време на часот и воннаставните активности соодветни на нивните можности и потреби 44 % целосно се согласуваат, 36 % се согласуваат, 10 % делумно се согласуваат, 7 % не се согласуваат и 3% не се запознаени.<br>3. На прашањето дали сите наставници во училиштето подеднакво се однесуваат кон момчињата и девојчињата кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите 56 % целосно се согласуваат, 25 % се согласуваат, 10 % делумно се согласуваат, 9% не се согласуваат.<br>4. На прашањето дали училиштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата во учењето 66% целосно се согласуваат, 24 % се согласуваат, 10 % делумно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. На прашањето дали наставниците обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето како и на надарените ученици 40% целосно се согласуваат, 25 % се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, 9% не се согласуваат и 12 % не се запознаени.<br>6. На прашањето дали во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области 55% целосно се согласуваат,  32% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат и 5% не се запознаени.<br>7. На прашањето дали училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од една во друга учебна година 50% целосно се согласуваат 26% се согласуваат, 18% делумно се согласуваат и 6% не се запознаени.<br>8. На прашањето дали училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста 54 % целосно се согласуваат, 24 % се согласуваат, 12 % делумно се согласуваат, 6 % не се согласуваат и 4 % не се запознаени.<br>9. На прашањето дали училиштето има податоци за секој ученик што ги користи за да му помогне да се развие и напредува 38 % целосно се согласуваат, 32 % се согласуваат, 14 % делумно се согласуваат и 12 % не се согласуваат и 4 %не се запознаени.<br>10. На прашањето дали за време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење 68 %целосно се согласуваат, 22 % се согласуваат,7% делумно се согласуваат, 3% не се согласуваат.<br>11. На прашањето дали наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е наменето да ги моривира учениците подобро да учат 65% целосно се согласуваат, 18 % се согласуваат, 12 % делумно се согласуваат и 5% не се согласуваат.<br>12. На прашањето дали наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците 57% целосно се согласуваат, 22 % се согласуваат, 13 % делумно се согласуваат, 6 % не се согласуваат и 2 % не се запознаени.<br>13. На прашањето дали училиштето има компјутери што се користат во наставата и во воннаставните активности со цел подобрување на постигањата на учениците и стекнување на вештини поврзани со нивниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | професионален развој 80%целосно се согласуваат, 12 % се согласуваат, 6% делумно се согласуваат и 2 % не се согласуваат |
| **Прашалник од 13 прашања е спроведен врз 30 испитаника од редот на учениците од вториот и третиот период на деветгодишното образование** | **Работната група која беше вклучена во собирањето на информациите е:**<br><br>**Методи Андонов,**<br>**Маргарита Велкова,**<br>**Соња Митева**<br>**Сања П. Велкова** | **Добиени се следниве резултати:**<br><br>1. На прашањето дали наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик да научи најмногу што може без разлика на полот 75% целосно се согласуваат, 15 % се согласуваат, 6% делумно се согласуваат, 2% не се согласуваат и 2% не се запознаени.<br>2. На прашањето дали сите ученици учествуваат во активностите за време на часот и вонннаставните активности соодветни на нивните можности и потреби 52 % целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат и 3% не се согласуваат и 1% не се запознаени.<br>3. На прашањето дали сите наставници во училиштето подеднакво се однесуваат кон момчињата и девојчињата кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите 60 % целосно се согласуваат, 23 % се согласуваат, 13 % делумно се согласуваат, а 4% не се согласуваат.<br>4. На прашањето дали училштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата во учењето 52 % целосно се согласуваат, 33 % се согласуваат, 8 % делумно се согласуваат, 5 % не се согласуваат и 2 % не се запознаени.<br>5. На прашањето дали наставниците обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето како и на надарените ученици 48% целосно се согласуваат, 42 % се согласуваат, 7 % делумно се согласуваат и 3 % не се согласуваат.<br>6. На прашањето дали во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области 65% целосно се согласуваат, 20 % се согласуваат, 9 % делумно се согласуваат и 6 % не се согласуваат.<br>7. На прашањето дали училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од една во друга учебна година 46% целосно се согласуваат, 29% се согласуваат, 25 % делумно се согласуваат, 0 % не се согласуваат и 0 % не се запознаени.<br>8. На прашањето дали училиштето ја следи редовноста на учениците, ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста 52 % целосно се согласуваат, 36 % се согласуваат, 12 % делумно се согласуваат, 0 % не се согласуваат.<br>9. На прашањето дали училиштето има податоци за секој ученик што ги користи за да му помогне да се развие и напредува 40 % целосно се согласуваат, 35 % се согласуваат, 15 % делумно се согласуваат, 6 % не се согласуваат и 4 % не се запознаени.<br>10. На прашањето дали за време на часот наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење 67% целосно се согласуваат, 20 % се согласуваат, 6 % делумно се согласуваат, 4 % не се согласуваат и 3 % не се запознаени.<br>11. На прашањето дали наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е наменето да ги мотивира учениците подобро да учат 65 % целосно се согласуваат 12 % се согласуваат, 14 % делумно се согласуваат, 9 % не се согласуваат.<br>12. На прашањето дали наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците 45 % целосно се согласуваат, 26 % се согласуваат, 13 % делумно се согласуваат, 11 % не се согласуваат и 5% не се запознаени.<br>13. На прашањето дали училиштето има компјутери што се користат во наставата и во воннаставните активности со цел подобрување на постигањата на учениците и стекнување на вештини поврзани со нивниот професионален развој 82% целосно се согласуваат, 15% се согласуваат, 3% делумно се согласуваат, 0% не се согласуваат и 0% не се запознаени. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Наставата е прилагодена според можностите и потребите на учениците.
- Голем дел од учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех.
- Училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците без разлика на половата припадност.
- Училиштето превзема одредени активности да ги подобри постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето.
- Училиштето нуди низа воннаставни и вонучилишни активности, активно учество на учениците на конкурси и натпревари.
- Постои соработка помеѓу учениците, стручната служба и наставниците.

- Во училиштето после подолг период има само двајца ученици кои го повторувале одделението поради непосетување на настава.
- Уличиштето опреми кабинет по природни науки со голем број на нагледни средства по Математика, Физика, Хемија и Биологија.
- Училиштето го зголеми бројот на музички инструменти со цел да се развива талентот кај учениците со две гитари и едем сентисајзер.
- Училиштето има набавено проектори во секоја училница, 3 смарт табли и нови бели табли во сите училници за спроведување на посовремена настава од страна на наставниците
- Училиштето постави венецијанки на прозорите во неколку училници.
- Училиштето постави нови врати на сите простории во училиштето.
- Училиштето целосно го смени осветлувањето во сите простории.
- Училиштето опреми една нова канцеларија за стручните слижби.
- Училиштето ги реновираше целосно санитарните јазли на првиот и вториот кат.
- Училиштето целосно го смени кровот на здрадата.
- Училиштето постави хидрофор за наводнување во училишниот двор

**Слабости**

- Потреба од надминување на традиционалната настава. Наставниците почесто да користат интерактивни методи на настава.
- Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби.
- Потреба од нагледни средства по одредени наставни предмети
- Потреба од поголема изолација на училиштето
- Потреба од замена на постојаното греење со нови ресурси
- Потреба од затоплување на спортската сала

**Анализа на резултатите**

Од собраните податоци констатирано е дека училиштето вложува во следење на постигнувањата на учениците со ангажирање на сите субјекти во воспитно – образовниот процес. Училиштето врши навремено информирање на сите субјекти за постигнатиот напредок и успех во наставата при што висок процент од учениците и нивните родители и наставниците се задоволни. Не е загрижувачки и податокот дека само двајца ученици после подолг временски перидо го повторувале одделението, поради непосетување на настава, а не поради не постигнување на знаење. Во рамките на работата на психолошко-педагошката служба и другите структури во училиштето постои изразена соработка со цел да се помогне на оние ученици кои имаат потешкотии во следењето на наставата и во совладување на наставните содржини. За напредокот на овие ученици редовно се информираат родителите на индивидуални средби со наставниците. Училиштето не прави поделба на учениците по полова припадност. На училиштето му се потребни дополнителни нагледни средства по некои предмети. Потребна е поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и надминување на традиционалната настава, односно наставниците да ги следат современите педагошки тенденции, ги внесуваат

иновациите и знаењата од посетените семинари и обуки. Во нашето училиште се почитува законот за основно образование во однос на правата и обврските на учениците и наставниците.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

1.Обезбедување на подобри услови за работа, нагледни средства, помагала, збогатување на библиотеката со лектирни изданија, лексикони, енциклопедии и стручна литература за наставници.
2. Зајакнување на информираноста на родителите за вонаставните и вонучилишните активности.
3. Соодветна обука на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и за методи и форми на активна и интерактивна настава.
4. Опремување на кабинети и нагледни средства по повеќе предмети
5. За поголема топлинска изолација на зградата, фасадата да ја замени со термофасада
6. Замена на греењето на нафта - со водени пумпи
7. Затоплување на спортската сала

**Подрачје 3: Учење и настава**

**Оддели во рамките на подрачјето**

| | |
|---|---|
| **3.1 Планирање на наставниците** | • Индивидуални планирања на наставнивите<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2 Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3 Искуства на учениците од учење** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **3.4 Задоволување на потребите на учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>• Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** | • Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**
**(I) Обработка на документи**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?**<br>Извори на податоци | |
|---|---|---|
| **3.1 Планирање на наставниците**<br><br>Индивидуални планирања на наставниците<br><br>Поддршка и следење на | Педагошка документација на училиштето-приложени планови во училиштето:<br>глобални, годишни, тематски, процесни, месечни, седмични планирања и дневна подготовка;<br>Педагошка документација кај наставникот, сите видови | Сите наставници, за реализација на наставните планови и програми, имаат изготвени глобални, годишни, процесни, месечни, тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги чува во е-форма. Наставниците изготвуваат и дневни оперативни планови, во паралелките каде истите се застапени. Сите видови планирања наставниците ги прават во е-верзија ги предаваат на психолошко- |

| | | |
|---|---|---|
| планирањата на наставниците<br><br>Размена на искуства и информации<br><br>Распоред на часови<br><br>Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма | планирања.<br>ЗОО, Правилник за планирање и реализација на екскурзии<br>Изработени дневни подготовки<br>Записници од состаноци на Активите<br>Евиденција од претставници на МОН, БРО<br>Разговор со директор, педагог, наставници;<br>Записници од состаноците на стручните активи, посета на отворени часови, работилници, дисиминација на семинари, записници од сите нив;<br>Извештаи од реализирани екскурзии, посети, обуки, семинари.<br>Потврди, сертификати, уверенија, дипломи од семинари и советувања, обуки, работилници | педагошката служба. Дневните планирања се сработуваат во е – верзија.<br>Наставниците што предаваа во 1во и 4 одделение успешно ги спроведоа наставните планови и програми преку изготвување на сценарија за час.<br>Најмалку два пати во едно полугодие се часови на наставниците од страна на СС и се прегледуваат дневниците на паралелките. Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување (РЕР)- имплементација на формативно оценување, особено во предметна настава и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br>Во нашето училиште наставниците од второ до деветто одделение планираат и програма за дополнителна и додатна настава.<br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети, имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго.<br>Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ.<br>Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна |

| | | |
|---|---|---|
| | | литература, интерни и екстерни стручни усовршувања, снабдување дополнителни материјали за ефективна настава.<br>Распоредот на часови го прави наставник во консултација со стручната служба и наставниците. Сите наставници имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди во индивидуалните планирања согласно еколошката програма. |
| **3.2. Наставен процес**<br><br>Наставни форми и методи<br>Избор на задачи, активности и ресурси<br>Интеракција помеѓу наставниците и учениците<br>Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>Приодот нанаставнико кон учениците<br>Следењенанаставниотпроцес | Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>Увид на час;<br>Годишни, глобални, процесни, тематски, месечни, седмични, дневни планирања/сценарија;<br>Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог<br>Интервјуа со наставници и ученици;<br>Сертификација на наставници;<br>Дневници на директор, стручната служба и на наставниците<br>Записници од предавања, од Одделенски и Наставнички совети<br>Ликовни и литературни изработки<br>Самостојни писмени работи<br>Илустративни работи<br>Есеи<br>Домашни задачи<br>Записници и извештаи<br>Педагошка документација<br>Записници од стручни активи и стручни органи<br>Записници и извештаи од интерни и | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, индивидуализирано, во парови, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација, при тоа користејќи ги наставните методи: вербален, демонстративен, илустративен, лабораториско-експериментален, истражување, како и техниките грозд, коцка, инсерт, вртелешка, бура на идеи, учење на станици. На часовите се употребува дискусија, истражување, развоен разговор, набљудување, демонстрација, презентирање, практични и лабораториски вежби.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, како училишни и /или домашни задачи, проектни активности, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. Во процесното тематско и дневно планирање вметната е употребата на ИКТ, во законски предвидената рамка. Наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература, туку се користат извори и од интернет. Активностите во планирањата ги потврдуваат целите во планирањата и се изведуваат согласно индивидуалните способности на учениците и без предрасуди во однос на половата припадност. |

| | | |
|---|---|---|
| | екстерни советувања<br>Дополнителна литература<br>Сертификати, пофалници, уверенија, благодарници, дипломи, потврди<br>Анкетен прашалник<br>Записници од родителски средби<br>Записи од индивидуални средби со родители | Наставниците имаат коректен однос кон учениците.<br>Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, а се со цел да се подобри учењето и да се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес и воннаставните активности (преку пофалби пред ученици и пред родители и на Одделенски и Наставнички совети, разговори, дискусии, работилници на часовите по животни вештини). Во зависност од наставниот материјал и типот на час учењето е помалку или повеќе активно и динамично. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, таленти, умеења, знаења и вештини.<br>Во ВОП се користат дозволените учебници од страна на МОН, иако во некои од нив во содржините има воочливи грешки и технички и како податоци, со преобемни содржини и содржини пишани на висок стил, кој ја надминува возраста на учениците во некои одделенија. Присутна е активната настава- интерактивно учење, со цел да се постигнат подобри резултати и напредок во учењето. При тоа се користат постоечките наставни средства, кои се солидни.<br>Наставниот процес се следи од страна на директорот, стручната служба, БРО, ДПИ, како и од страна на родителите. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку посета на часови од страна на директорот и стручната служба, преку следење на наставните и воннаставните активности, записниците од одржаните родителски средби, записите од одржаните индивидуални средби, постигнатите успеси на натпревари, водењето на педагошка евиденција и документација, редовното и перманентното усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари,, организирањето и учеството на работилници и стручни активи. Сите резултати од оценувањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците се собираат согласно ЗОО, а се користат за професионалното досие на наставникот и во планирањето на професионалниот развој на наставниците и во давањето поддршка на нивните потреби поврзани со ВОП и тоа преку: испраќање на интерни и екстерни советувања, обуки и семинари, организирање на интерни обуки во училиштето, снабдување со стручна литература која е актуелна. Наставниците редовно ќе ги споделуваат со учениците целите за реализација на еколошките проекти и точките на акции од воспоставените еко-стандарди, како и целокупната важност од спроведувањето на еколошката програма. Сите ученици ќе се поттикнуваат активно да учествуваат во реализација на еколошката програма и се користат позитивни приоди за нивна мотивација (преку пофалби кога е тоа соодветно). |
| **3.3. Искуства на учениците од учењето**<br>Средина за учење<br>Атмосфера за учење<br>Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>Поттикнување на учениците за преземање одговорност во раеализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните | Анкета за ученици<br>Анкета за родители<br>Анкета за наставници<br>Разговор со ученичката заедница, детската организација, подмладокот на Црвениот крст, родителите, наставниците<br>Кодекс за однесување на учениците<br>Куќен ред на училиштето<br>Одделенски дневници<br>Дневни подготовки<br>Програма за работа на УЗ, СР, ДО<br>Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО<br>Библиотечна картотека Пофалници, дипломи, благодарници<br>Фотографии, слики<br>Изложени ученички трудови<br>Проектни активности<br>Макети, модели, ѕидни весници<br>Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br>Учество на натпревари, медиуми | Училиштето нуди добра средина за учење, училници опремени со компјутери, десктоп компјутер во секоја училница со камера и звучници, проектори во секоја училница, солидно опремени кабинети (3), библиотека со околу 10.000 наслови, средени училници со одреден број нагледни и наставни средства. Има задоволителен број на училници, простории, просторни услови со атмосфера за работа.<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, со охрабрувања од страна на наставниците се повеќе се мотивираат да што поголем број ученици земаат активна улога во самиот час.<br>Сите ученици, без оглед на полот, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умеења, знаења, се мотивирани од страна на наставниците, преку пофалби, награди, натпревари, додатни активности, слободни активности, како и проектни активности. Мотивирачки за учениците е и тоа што на видно место во училиштето се истакнуваат изработките на учениците. Учениците се информирани за се што е во врска со ВОП, воннаставните активности, а од стручната служба и секогаш кога им се обратиле, учениците добиваат повратна информација.<br>Учениците сметаат и дека училиштето низ организирани |

| | | |
|---|---|---|
| | | форми на поттикнување, мотивирање, натпреварување, остварува солидна соработка меѓу самите ученицибез никаква родова поделеност. Чести се појавите кога посолидните ученици им помагаат на послабите со успех ученици, без оглед на пол.<br>Учениците учествуваат и успешно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа, особено во проекти кои ги нуди локалната самоуправа. Очекуваме во иднина учениците да се вклучат поактивно во проекти од образовната ЕРАЗМУС + програма.<br>Одделенските и класните раководители, предметните наставници и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ја зголемат својата креативност, да преземаат одговорности, да размислуваат самостојно и активно да се вклучуваат во учењето преку проектни активности, дискусии, дебати и истражувачки работи, преку кои се стекнуваат со поголема самодоверба и почит од своите наставници, родители и соученици. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми. |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците**<br><br>Идентификување на образовните потреби на учениците.<br><br>Почитување на различните потреби на учениците во наставата.<br><br>Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење. | Анкета за ученици<br>Анкета за родители<br>Анкета за наставници<br>Разговор со ученичката заедница, детската организација, подмладокот на Црвениот крст, наставниците<br>Увид во евиденцијата на стручната служба<br>Глобални, процесни тематски, месечни, седмични планови<br>Дневни подготовки<br>Записници, извештаи, пофалници, благодарници<br>Тестови, стручна и дополнителна литература<br>Фотографии, наставни ливчиња, | Наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште, во кое наставата се изведува само на македонски јазик со употреба на кириличното писмо, систематски ги идентификуваат и ги препознаваат образовните потреби. Се преземаат активности за исполнување на истите, како наставни и воннаставни активности, разговори меѓу учениците и стручната служба, ученици и директорот, помош од надворешни стручни лица, индивидуални разговори наставник- ученик, наставник- родител, групни разговори меѓу наставник и ученици, индивидуализирана настава и настава по диференцијални нивоа, проектни активности и со примена на наставните форми и методи кои се набројани во 3.2.<br>Дел од наставниците имаат поминато неколку обуки за унапредување на образовниот процес и истите користат различни техники на поучување и оценување, освен |

| | | |
|---|---|---|
| | материјали од презентација<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за работа на стручните активи | нововработените, кои од отворени часови собираат искуства, како и од консултации и размена на мислење и користење на постоечката стручна литература.<br>На погоре споменатиот начин, сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од стручната служба.<br>Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, интерактивни и интегрирани активности, посета на разни институции, екскурзии, презентации.<br>Се почитуваат од страна на наставниците и други потреби на учениците: повторно објаснување на нејасни наставни содржини, прифаќање на оправдани извинувања за неспремност за одговарање на материјал, ослободување на ученици од часови за натпревари училишни и вонучилишни, се разбира во согласност со ЗОО, изнаоѓање начин на подобрување оценка со вложен труд и знаење, разбирање за отсуства, особено заради болест и прилагодување на испрашувањето во таа насока. |
| **3.5. Оценувањето како дел од наставата**<br><br>Методи и форминаоценување<br><br>Користење на информациите од оценувањето во наставата | Годишна програма за работа на училиштето;<br>Записници на наставниците и стручната служба;<br>Записи од стручни лица;<br>Матична книга на училиштето;<br>Стандардизаоценување;<br>Тестови;<br>Записници од разговори со наставници;<br>Кодекснаоценување;<br>Увид во педагошка евиденција и документација, одделенски дневници<br>Дневни планирања, годишни планирања<br>Користени инструменти за | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, дијагностичко, формативно и сумативно. Учениците и родителите се запознаени со стандардите за оценување и со Кодексот на оценување. Одржани се и работилници со наставниците, родителите по паралелките и СР за Кодексот на оценување. Поголем дел од предметните наставници посетија обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување,меѓутоа од различни причини поголем дел од нив не се повеќе во училиштето.<br>Дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација. Учениците во одредени одделенија се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и |

| | | |
|---|---|---|
| | оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи, евидентни листи; контролни тестови и наставни ливчиња);<br>Анкети со ученици и наставници;<br>Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; | меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците ( тестови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи), како и проектните активности и степенот на ангажираност во наставните и воннаставните активности. Се оценува описно и бројчано, согласно барањата на ЗОО. Се обрнува внимание на степенот на ангажираноста на учениците, нивната самостојност, доследност во работата и одговорност.<br>Наставниците редовно им даваат повратни се информации на учениците за нивната работа.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и реализирањето на наставата.<br>Часовите по Ф.З.О се реализираат во спортска сала. |
| **3.6. Известување за напредокот на учениците**<br><br>Известување на родителите за напредокот на учениците | Електронски дневник;<br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br>Анкети со родители;<br>Евиденција на наставници за остварени индивидуални средби и соработка со родители;<br>Родителски средби;<br>Приемни денови;<br>Писмени извештаи;<br>Евидентни листови. | Учениците и нивните родители се информираат за напредокот на учениците преку усната и поисмената оценка, индивидуални разговори на приемни и отворени денови на наставниците, по потреба и на средби со директор и стручна служба, на родителски средби. Значи, училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. Индивидуалните средби наставниците ги евидентираат во дневникот на паралелката и / или во посебна своја тетратка. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, особено во првиот |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовен период. |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета**<br><br>Анкетата е спроведена по случаен избор и во неа беа вклучени различен број на испитаници од сите три субјекти во наставата: Наставници, родители и ученици | **Работната група е составена од слединиве наставници:**<br><br>Марина Серафимова, Јорданчо Јанев, Маријан Стоименов, Станка Митрева, Елена Иванова | **Со анкетата беа опфатени вкупно 34 наставници.**<br>**Од анкетата што беше спроведена меѓу наставниците се дојде до следните сознанија:**<br>79% целосно се согласуваат, 19% се согласуваат и 2% делумно се согласуваат дека наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот.<br>55% целосно се согласуваат, 27% се согласуваат и 18% не се запознаени наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот за деца со посебни потреби<br>47% целосно се согласуваат, 45% се согласуваат и 8% делумно се се согласуваат дека најголемиот број на ученици учествуваат во активностите за време на часот.<br>68% целосно се согласуваат и 23% се согласуваат и 9 % делумно се согласуваат дека наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може.<br>52% целосно се согласуваат, 32% од наставниците се согласуваат и 16 % делумно се согласуваат дека наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е пред се`, наменето да ги мотивира учениците подобро да учат.<br>36% целосно се согласуваат, 50% се согласуваат и 4% од наставниците делумно се согласуваат дека најголемиот број на ученици учествуваат во вонанаставните активности (секции, приредби, екскурзии и сл.) според нивните интереси<br>57% целосно се согласуваат 36% од наставниците се согласуваат и 7% од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците делумно се согласуваат дека наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците<br>73% од наставниците целосно се согласуваат 27.% се согласуваат и 0% од наставниците делумно се согласуваат дека училиштето има компјутери и се користат во наставата и во воннаставните активности.<br>31% целосно се согласуваат и 42% од наставниците се согласуваат и 27% делумно се согласуваат дека најголемиот број на ученици учат низ групна работа (со меѓусебна работа) и преку сопствено искуство.<br>60% целосно се согласуваат, 35% се согласуваат и 5% од наставниците делумно се согласуваат дека родителите добиваат редовни и навремени информации за редовноста, активноста и постигнувањатана нивните деца.<br>20% целосно се согласуваат, 48% се согласуваат и 32% од наставниците не се запознаени дека наставникот задава многу домашни задачи. |
| | **Родители** | **Со анкетата беа опфатени вкупно 27 родители.**<br>**Од анкетата што беше спроведена меѓу родителите се дојде до следните сознанија:**<br>57% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 3% делумно се согласуваат и 3% не се запознаени дали наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот.<br>24% целосно се согласуваат, 22% се согласуваат и 54% не се запознаени дали наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот за деца со посебни потреби.<br>45% целосно се согласуваат,35% се согласуваат и 30% делумно се согласуваат дека најголемиот број на ученици учествуваат во активностите за време на часот.<br>47% целосно се согласуваат и 42% се согласуваат и 11% делумно се согласуваат дека наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може.<br>45% целосно се согласуваат, 47% се согласуваат и 8% не се согласуваат дека наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е пред се`, наменето да ги мотивира учениците подобро да учат.<br>25% целосно се согласуваат , 48% се согласуваат, 17% делумно се согласуваат и 10% не се запознаени дека најголемиот број на ученици учествуваат во воннаставните активности (секции,приредби,екскурзии и сл.) според нивните интереси.<br>42% целосно се согласуваат и 29% се согласуваат и 29% делумно се согласуваат дека наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 38% целосно се согласуваат, 53% се согласуваат, 6% делумно се согласуваат и 3% не се согласуваат дека училиштето има компјутери и се користат во наставата и во воннаставните активности.<br>47% целосно се согласуваат, 39% се согласуваат, 7% не се согласуваат и 7% од родителите не се запознаени дека најголемиот број на ученици учат низ групна работа (со меѓусебна работа) и преку сопствено искуство.<br>59% целосно се согласуваат, 29% од се согласуваат 7% делумно се согласуваат и 5% од родителите не се согласуваат дека родителите добиваат редовни и навремени информации за редовноста, активноста и постигнувањатана нивните деца.<br>37% целосно се согласуваат, 33% се согласуваат и 30 % од родителите делумно се согласуваат дека наставникот задава многу домашни задачи |
| | **Ученици** | **Со анкетата беа опфатени вкупно 25 ученици.**<br>**Од анкетата што беше спроведена меѓу учениците се дојде до следните сознанија**:<br>65% целосно се согласуваат и 34% се согласуваат дека наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот.<br>34% целосно се согласуваат, 14% се согласуваат и 52% не се запознаени дали наставниците подготвуваат годишен план, тематски план и дневна подготовка за часот за деца со посебни потреби.<br>35% целосно се согласуваат ,49% се согласуваат и 6% не се согласуваат дека најголемиот број на ученици учествуваат во активностите за време на часот.<br>73% целосно се согласуваат, 19% се согласуваат и 4% не се согласуваат дека наставниците создаваат услови и се трудат секој ученик во училиштето да научи најмногу што може.<br>45% од учениците целосно се согласуваат и 27% се согласуваат дека наставниците ги следат и ги оценуваат учениците во текот на целата година и оценувањето е пред се`, наменето да ги мотивира учениците подобро да учат.<br>35% од учениците целосно се согласуваат, 21% се согласуваат и<br>4% не се согласуваат дека најголемиот број на ученици учествуваат во воннаставните активности (секции,приредби,екскурзии и сл.) според нивните интереси.<br>37% целосно се согласуваат, 35% се согласуваат и 4% не се согласуваат дека наставниците користат најразлични средства во наставата за да им го олеснат учењето на учениците.<br>37% целосно се согласуваат , 22% се согласуваат и 5% не се согласуваат дека училиштето има компјутери и се користат во наставата и во воннаставните активности.<br>17% целосно се согласуваат и 25% се согласуваат дека најголемиот број на |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици учат низ групна работа (со меѓусебна работа) и преку сопствено искуство.<br>57% целосно се согласуваат , 29% се согласуваат и 4% не се запознаени дека родителите добиваат редовни и навремени информации за редовноста, активноста и постигнувањатана нивните деца.<br>12% целосно се согласуваат и 20 % се согласуваат дека наставникот задава многу домашни задачи |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Наставен кадар составен од повозрасни и помлади колеги со позитивен и професионален однос кон учениците, родителите и меѓусебе, подготвени за иновации, реализација на идеи со добра организациона способност при изведување на наставата во рамките на дадените материјално-технички услови
- Учество и работа во проекти и обуки
- Меѓусебно разбирање помеѓу наставник-ученик-родител
- Градење критериуми за самооценување
- Градење и поттикнување на критично мислеење, лични ставови и нивно изразување
- Продлабочување на знаењата на учениците преку истражување, проекти, натпревари на знаења
- Развивање и одржување на меѓусебна соработка, подготвеност за помош, заедничко дружење

**Слабости**

- Отсуство на развиена свест на учениците за самоучење и самооценување
- Поголема објективност во оценувањето
- Потребна е уште поголема и почеста примена на интерактивна настава

**Анализа на резултатите**

Во училиштето има наставен кадар со професионален однос кон учениците и колегите подготвен преку семинари и обуки, за современа едукација и воспитување на учениците. Наставниците имаат желба за осовременување на наставата, се поседува креативност, инвентивност, критично размислување, разбирање и меѓусебна соработка.

Наставниците се ангажираат во организацијата на наставата, дел од нив применувајќи нови интерактивни форми и методи во работата, но не доволно. Потребно е вклучување на поголема интерактивност во наставата. Наставниците создаваат нормални услови за меѓусебно разбирање и толеранција на релацијата наставник, ученик, родител, се поттикнува критичното мислење, се

искажуваат лични ставови. Се продлабочуваат знаењата на учениците преку истражувања, натпревари на знаења и се градат критериуми за самооценување, но се забележува недоволна развиена свест за самоучење и самооценување. Во работата со учениците и контактите со родителите се развива иницијатива за меѓусебна соработка и помош и заедничко дружење, но се забележува и желбата на родителите за високи оценки.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

1. Поотикнување на процес на самооценување и меѓусебно оценување помеѓу учениците
2. Посета на обуки за создавање на мотивирачка и позитивна атмосфера на часовите
3. Посета на обуки за интерактивни методи на настава

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**Оддели во рамките на подрачјето**

**4.1 Севкупна грижа на учениците**
- Заштита од елементарни непогоди
- Превенција на физичко и психичко насилство
- Заштита од пороци (конзумирање цигари, алкохол и дрога)
- Промовирање здрава и квалитетна исхрана
- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

**4.2 Здравје**
- Хигиена и заштита од болести
- Спроведување активности согласно установените еко-стандарди
- Грижа на учениците со здравствени проблеми

**4.3 Советодавна помош на учениците во однос на изборот на понатамошно образование**
- Обезбедување помош при изборотна идната вокација и изборот на институцијата за понатамошно образование

**4.4 Следење на напредокот**
- Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
- Одржување редовни и информативни родителски средби
- Советување на родителите кои имаат деца со слаби оцени и непримерно поведение
-Советување на ученици кои имаат слаби оцени и непримерно поведение

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| 4.1.2 Записници од разговори и ученици, родители и наставници, | 4.1.1 Училиштето обезбедува заштита на учениците во просториите и ходниците на училиштето преку редовни дежурства и контролирање на лицата кои влегуваат во училиштето. Наставниците ги упатуваат учениците да внимаваат на потенцијално опасните места и ги упатуваат како да се |

| | |
|---|---|
| записници од предавања од здравствени домови и невладини организации;<br>4.1.3 Записници од предавања од здравствени домови и невладини организации, медицински потврди, книгата на дежурства на наставниците, извештаи од систематски прегледи;<br><br>4.1.4 Записници од предавања од здравствени домови и невладини организации и медицински лица.<br><br>4.1.5 Медицински белешки, записници од  разговори на педагошката служба со ученици, родители и наставници и лекарски потврди<br><br>4.1.6 Потврда од општинскиот центар за социјални грижи | однесуваат во нивна близина. За време на пандемијата со вирусот Ковид-19 континуирано и целосно се следеа мерките и препораките од МОН.<br><br>4.1.2 Училиштето води сметка да го санкционира физичкото и психичкото насилство и да ги едуцира учениците за негативните последици од истото. Тоа се врши преку разни предавања и педагошки инструменти. Училиштето ги открива и дава известување за учениците кои се вклучени во конфликтни ситуации и има воспоставнено соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи и Полицијата.<br><br>4.1.3 Училиштето се стреми кон превенција од цигари, дрога и алкохол. Учениците се константно следени од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба во однос на потенцијалната употреба на цигари, дрога и алкохол. Учениците добиваат информации за штетноста по организмот од употребата на пороците преку текстови и предавања од стручни лица. Преку систематските прегледи училиштето добива податоци за здравствената состојба на учениците.<br><br>4.1.4 Училиштето промовира здрава исхрана преку разни предавања и презентации ,се потенцира важноста на конзумирање овошје и зеленчук, големи количества вода, млеко и млечни производи, јајца, месо и риба итн.<br><br>4.1.5 Училиштето ги открива и дава известување за децата со посебни потреби, односно со пречки во физичкиот и менталниот развој. Педагошката служба според собраните информации (медицински белешки, разговори со родителите на децата со посебни потреби) ги упатува наставниците во нивната понатамошна работа со тие деца. Се организираат дискусии на кои се расправа за унапредување на психо-физичкиот развој на децата, како и за нивната социјализација.<br><br>4.1.6 Училиштето им излегува во пресрет на децата кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Освен неколку еднократни донации од разни организации, училиштето нема точно определена постапка за помагање на тие деца во однос на училишен прибор и материјал. |

| | |
|---|---|
| 4.2.1 Извештаи од систематски прегледи, медицински белешки, записници од предавања на стручни медицински лица<br><br>4.2.2 Медицински белешки, извештаи од систематските прегледи, записници од разговори на наставниците и педагошката служба со родителите | 4.2.1 Училиштето води сметка за промовирање на физичка и ментална хигиена на учениците. Од систематските прегледи се врши увид во развојот на учениците и нивното здравје. Наставниците постојано ја нагласуваат важноста на одржувањето на личната хигиена, како и на чистота на околината, а учениците неретко слушаат предавања и од стручни медицински лица.<br><br>4.2.2 Училиштето води сметка за учениците со здравствени проблеми, за кои се информира преку нивните медицински белешки и разговори со родителите/старателите на тие деца. |
| 4.3.1 Записници од разговори на педагошката служба со ученици во однос на нивните интереси и способности. | 4.3.1 Училиштето води сметка да ги насочува учениците во однос на нивното понатамошно образование преку професионално информирање и информација. |
| 4.4.1 Портфолија на учениците, записници од педагошката служба, одделенскиот дневник<br><br>4.4.2 Одделенскиот дневник;<br><br>4.4.3 Записници од советувањата на родителите за учениците со слаби оцени и поведение, презентации;<br><br>4.4.4. Записници од советувањата на ученици со слаби оцени, поведение, работилници; | 4.4.1 Наставниците го забележуваат напредокот на учениците преку употребата и внесот на податоци во нивните портфолија и одделенскиот е-дневник. За напредокот на учениците наставниците често се советуваат со педагошката служба.<br><br>4.4.2 Класните и одделенските раководители одржуваат редовни и навремени родителски средби на кои ги известуваат родителите/старателите на учениците за тековните прашања, нивните оцени и поведението.<br><br>4.4.3 Советувањето на родителите се реализира континуирано според програмата пропишана од МОН и подразбира средби на училишниот психолог со родителите/старателите во однос на слабите оцени, поведението и изостаноците. Се работи на изнаоѓање соодветен и продуктивен начин да се подобри успехот и поведението на учениците преку советување на родителите, кои треба да изнајдат начин за решавање на настанатата ситуација.<br><br>4.4.4. Советувањето на учениците се реализира исто така според ЗОО. Задолжителното советување на овие ученици е добар начин за стекнување на увид во можните причини за слабиот успех/поведение и изнаоѓање начини за нивно надминување. |

| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| Прашалник од 20 прашања е спроведен врз 30 испитаника од редот на наставниците | **Работната група е составена од следниве наставници:**<br>Катерина Стоименова<br>Голубина Василева<br>Милко Михајлоски<br>Светлана Мишева<br><br>**Наставници** | 4.1 Поголемиот процент на наставници (82%) се согласуваат дека училиштето функционира согласно пропишаните мерки за безбедност на учениците, иако мал дел од нив сметаат дека инфраструктурата е само делумно безбедна и може да претставува потенцијална опасност од повреди.<br>Кога станува збор за санкционирањето на физичко и психичко насилство повеќето наставници (85% соодветно) се изјасниле позитивно. Над 90 % од испитаниците одговориле дека нема телесно казнување, психичко малтретирање и дискриминација.<br>Во однос на политиката на училиштето на забраната на цигари, дрога и алкохол, 82% од запознаените наставници се изјасниле дека се согласуваат, 13% дека не се согласуваат, а 5% дека не се запознаени.<br>Во однос на процедурите за обезбедување материјални средства заради социјалната загрозеност мислењата се поделени.<br>Општото мислење кое владее меѓу наставниците (70%) е дека во училиштето нема доволно обучен кадар за давање прва помош.<br>4.2 Значајно е да се забележи и дека над 87% од испитаниците се согласуваат дека училиштето ги поттикнува учениците да спроведуваат активности со кои помагаат во унапредување на заедницата од аспект на хигиената во училиштето.<br>4.3 Педагошката служба игра улога во насоката за избор за понатамошното образование на учениците. Во однос на тоа, 75% имаат позитивно мислење.<br>4.4 Од испитаните наставници 84% сметаат дека родителите добиваат редовни и навремени информации за постигањата на нивните деца. Родителските средби сметаат дека се корисни (74%), а 60% сметаат дека советувањето на родителите дава позитивни резултати во однос на успехот на нивните деца. |
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

**Резултати**

**Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

1. Во училиштето нема телесно казнување и психичко малтретирање на учениците од страна на наставниците;
2. Во училиштето не постои никаков тип на дискриминација (според пол, способности итн.);
3. Училиштето ги поттикнува и поддржува учениците да спроведуваат активности со кои помагаат во унапредување на заедницата (од аспект на зачувување на животната околина);

**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата;**

1. Недостаток на обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и неспроведување обуки на наставниците за правилно постапување при вакви случаи;
2. Недостаток на соодветна просторија за обезбедување на квалитетна храна на учениците,
3. Недостасуваат работилници или поучувања наменети за учениците за спречување на меѓуврсничко насилство

**Анализа на резултатите**

Од бројни аспекти работата на училиштето во однос на поддршката на учениците може да се оцени како позитивна, т.е. на 15 прашања од 20 во сите три категории на испитаници се изјасниле позитивно. Во училиштето психичкото и физичкото насилство не се толерира и се преземаат различни мерки за истото да се санкционира. Во училиштето не постои дискриминација (според пол, способности, итн.). Во однос на безбедноста, општото мислење кое преовладува е дека учениците се безбедни. Исто така, владее општо мислење дека наставниците треба да имаат обука за давање прва помош, со оглед дека во училиштето нема медицински лица. Еден од најпозитивните аспекти на работењето на наставниците во склоп на ова подрачје е поттикнувањето на учениците да развиваат еколошка свест и според истата да делуваат преку проекти и сл. Постои соработка на наставниците со родителите и психолошко-педагошката служба во однос на разни прашања. Родителските средби се информативни, а родителите континуирано и навремено се известувани за успехот и поведението на нивните деца.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Обука на наставниците да даваат прва помош;

- Обезбедување на соодветна просторија за обезбедување на квалитетна храна на учениците
- Обуки на наставниците за препознавање, спречување и санкционирање на меѓуврсничко насилство

**Идни активности:**

1. Кратка обука на наставниците за обезбедување на прва помош. Тие обуки може да ги врши лице од Црвениот крст или обучен кадар од редот на наставниците. Исто така, доста значајна и пожелна е набавката на кутии за прва помош кои би биле лесно достапни за наставниците;

2. Определување на просторија, во која со реконструкција ќе се обезбедат услови за добивање на квалитетна храна на учениците, доколку се оцени дека е просторно и финансиски изводливо во рамките на училишната зграда.

3. Обуки на наставниците за препознавање, спречување и санкционирање на меѓуврсничко насилство

**Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Оддели во рамките на подрачјето** |
|---|
| **5. Училишна клима и односи во училиштето**<br>5. 1. Училишна клима и односи во училиштето<br>5. 2. Промовирање на постигањата<br>5. 3. Еднаквост и правичност<br>5. 4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница |

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>5.1<br>Кодексот на однесување;<br>Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците;<br>Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки; Правилникот за оценувањето, напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците;<br>Статутот на училиштето;<br>Куќниот ред на училиштето; Пофалбите, наградите, признанијата и др;<br>Интервју, прашалници и анкети на учениците за степенот на демократско донесување на одлуки.</td><td>5.1.1 Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ја негува родовата сензитивност и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.<br><br>5.1.2 Училиштето има Кодекс на однесување, со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури, пропишани со кодексот, и таквите процедури се спроведуваат во практика.<br><br>5.1.3 Дисциплината на учениците и вработените е многу добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста.<br><br>5.1.4 Училиштето има демократски формиран ученички парламент, кој учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Проблемите со дисциплината и редовноста делумно резултираат со изрекување педагошки мерки што може да се избегнат до колку навремено се идентификуваат и се разрешуваат во соработка со вработените, стручната служба и родителите. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.</td></tr>
<tr><td>5.2 Годишната програма за работа на училиштето;<br><br>Изложените трудови на учениците;<br><br>Пофалби, награди;<br><br>Медиумското промовирање на постигањата на учениците;<br><br>Интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите;</td><td>5.2.1 Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите; имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште и на националните оценувања.<br><br>5.2.2 Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности.<br><br>5.2.3 Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и но не и доволен за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.<br><br>5.2.4 Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво, но нема развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **5.3** Педагошката евиденција и документацијата во однос на вклученоста на учениците во воннаставни активности;<br><br>Структурата на паралелките;<br><br>Интервјуата со учениците, родителите и со стручната служба;<br><br>Прашалниците за учениците и за родителите; | **5.3.1** Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br><br>**5.3.2** Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br><br>**5.3.3** Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничката, културната, верската и јазичната разновидност.<br><br>**5.3.4** Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Северна Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.<br><br>**5.3.5** Во сликовитиот и пишаниот материјал што е изложен во холот и ходниците на училиштето, присутни се елементи кои укажуваат на позначајните датуми и историски настани од општински, национален и светски карактер, како и материјал што го покажува прифаќањето на Р.Северна Македонија како мултикултурна држава. |
| **5.4** Извештајот за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>Записниците од Советот на родители и родителските средби;<br>Анкетите и интервјуата со директорот, родителите, наставниците и со стручната служба;<br>Педагошката евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност);<br>Статутот на училиштето;<br>Договорот со деловната заедница;<br>Проектите на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците;<br>Записниците и одлуките од состаноците на Училишниот одбор, | **5.4.1** Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.<br><br>**5.4.2** Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.<br><br>**5.4.3** Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.<br><br>**5.4.4** Училиштето има воспоставена  активна и континуирана соработка со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите преку нивно известување, вклучување и реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето има претставници од  родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор. |

| | |
|---|---|
| Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма). | |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци КОРИСТЕНИ МЕТОДИ** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации РЕАЛИЗАТОРИ** | **Кои информации се собрани?**<br><br>**СОБРАНИ ИНФОРМАЦИИ** |
| **5.1**<br>Анкетен прашалник | **Наставници**<br>**Родители**<br>**Ученици**<br><br>**- Работната група е составена од слединиве наставници:**<br>Марина Серафимова<br>Методи Андонов<br>Весна Лазарова<br>Елена Тасевски | - На прашањето:**„Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 42%, се согласувам 41%, делумно се согласувам 14%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето:**„Училиштето има Кодекс на однесување“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 68%, се согласувам 27%, делумно се согласувам 5%, не се согласувам 0%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: **„Дисциплината на вработените/учениците е добра“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 58%, се согласувам 27%, делумно се согласувам 12%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: **„Училиштето соодветно го спроведува правлиникот за изрекување педагошки мерки“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 29%, се согласувам 40%, делумно се согласувам 24%, не се согласувам 6%, не сум запознаен/а 1%.<br>- На прашањето: **„Училиштето има демократски формиран ученички парламент“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 40%, се согласувам 47%, делумно се согласувам 10%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 0%. |
| **5.2**<br>Анкетен прашалник | **Наставници**<br>**Родители**<br>**Ученици** | - На прашањето: **„Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците“** од |

| | | |
|---|---|---|
| | | испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 21%, се согласувам 34%, делумно се согласувам 31%, не се согласувам 7%, не сум запознаен/а 7%.<br>- На прашањето: **„Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности)“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 22%, се согласувам 40%, делумно се согласувам 30%, не се согласувам 5%, не сум запознаен/а 3%.<br>- На прашањето: **„Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 30%, се согласувам 51%, делумно се согласувам 16%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: **„Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 40%, се согласувам 30%, делумно се согласувам 15%, не се согласувам 10%, не сум запознаен/а 5%. |
| **5.3**<br>Анкетен прашалник | **Наставници**<br>**Родители**<br>**Ученици** | - На прашањето: „**Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 24%, се согласувам 40%, делумно се согласувам 30%, не се согласувам 6%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: „**Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло“** од испитаниците се изјасниле целосно се согласувам 48%, се согласувам 43%, делумно се согласувам 7%, не се согласувам 2%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: **„Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите заедници што живеат во Р. Северна Македонија.“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 27%, се согласувам 47%, делумно се согласувам 18%, не се согласувам 5%, не сум запознаен/а 3%.<br>- На прашањето: „**Учениците учат да ја почитуваат сопствената, културата и традицијата на другите етнички заедници без оглед на која** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 38%, се согласувам 46%, делумно се согласувам 12%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 3%.<br>- На прашањето: **„Во сликовитиот и пишаниот материјал што е изложен во холот и ходниците на училиштето, присутни се елементи кои укажуваат на позначајните датуми и историски настани од општински, национален и светски карактер.“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 24, се согласувам 33%, делумно се согласувам 25%, не се согласувам 12%, не сум запознаен/а 6%. |
| **5.4**<br>Анкетен прашалник | **Наставници**<br>**Родители**<br>**Ученици** | - На прашањето: **„Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање на предавања на конкретна тема или посети на работното месо на родителот, како и во воннаставните активности“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 18%, се согласувам 25%, делумно се согласувам 34%, не се согласувам 10%, не сум запознаен/а 13%.<br>- На прашањето: **„Училиштето има пропишани демократски процедури на избор на претставниците на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 22%, се согласувам 45%, делумно се согласувам 17%, не се согласувам 14%, не сум запознаен/а 2%.<br>- На прашањето: **„Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес за заедницата“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 30%, се согласувам 47%, делумно се согласувам 20%, не се согласувам 3%, не сум запознаен/а 0%.<br>- На прашањето: **„Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но не презема активности активно да ги вклучи сите родители“** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 29%, се согласувам 30%, делумно се согласувам 19%, не се согласувам 5%, не сум запознаен/а 17%.<br>- На прашањето: **„Училиштето има воспоставена активна и контринуирана соработка со родителите, локалната самоуправа и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумсите преку нивно известување, вклучување и реализирање на активностите од еколошката програма. Училиштето има претставници од родителите, локалната самоуправа и деловната заедница, невладинитот сектор “** од испитаниците се изјаснале целосно се согласувам 22%, се согласувам |

| | | |
|---|---|---|
| | | 38%, делумно се согласувам 25%, не се согласувам 5%, не сум запознаен/а 10%. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Многу добра училишна клима во училиштето
- Многу добро развиени односи во училиштето
- Трудољубив наставен кадар
- Примерно поведение кај сите ученици, освен кај еден ученик
- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.
- Соработка со родителите на високо ниво
- Вклученост во голем број проекти

**Слабости**

- Недоволно развиен систем за наградување на учениците
- Недоволен ангажман за поинтензивно вклучување на родителите во училишните активности
- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите

**Анализа на резултатите**

Во училиштето владее многу добра училишна клима, која се грижи за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето се грижи за одржување на училишната зграда и здравата средина во училиштето со цел обезбедување на здрави услови за учење и работење.

Училиштето се грижи за да обезбеди уреден и функционален двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Преовладуваат многу добро развиени односи во училиштето каде се почитуваат правата на децата и се искажува разбирање за нивните потреби.

Соработка со родителите е на задоволително ниво преку нивно вклучување во различни активности со цел подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето. Во изминатите две години, соработката со родителите беше делумно намалена во оснос на училишни активности поради мерките и протоколите за одржување на настава во услови на пандемија.

Во училиштето и женските и машките деца се подеднакво застапени во сите наставни и воннаставни активности, а исто така се вклучени и децата со потешкотии со што училиштето ја промовира идејата „Секој има право на образование“. Наставниците и стручната служба имаат отворена соработка со родителите кои активно се вклучени во училишниот живот и се навремено информирани за сите промени и активности. Отворена соработка постои и со медиумите преку кои ја информираме јавноста за сите постигнати резултати на

| |
|---|
| учениците и вработените, како и можностите што ги нуди училиштето за упис на учениците –во прво одделение. |
| **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>**Идни активности:**<br>- Одржување на добрата училишна клима и односите во училиштето<br>- Промовирање на постигањата на учениците<br>- Поактивно вклучување на родителите во училишните активности<br>- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите |

**Подрачје 6: Ресурси**

| **Оддели во рамките на подрачјето** |
|---|
| **6.1** Сместување и просторни капацитети<br>**6.2** Наставни средства и материјали<br>**6.3** Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>**6.4** Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>**6.5** Финансиско работење во училиштето |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Годишната програма за | **Работната група е составена од** | Во училиштето има 11 училнички простории од кои 3 се кабинети, во нив дел од |

| | | |
|---|---|---|
| работа; Планот за развој на училиштето; Евидентна книга на библиотеката; Платен список;<br>Распоредот на часови;<br>Полугодишниот и годишниот извештај; Записниците од работата на стручните активи;<br>Анкети од наставници | **слединиве наставници:**<br><br>Ирена Димитрова Јорданова<br>Елисавета Златкова<br>Маријан Стоименов<br>Маргарита Велкова<br>Голубина Салтирова | инвентарот е обновен за потребите на вработените и учениците.<br>Заеднички простории се следните: наставничка канцеларија, канцеларии за директор, педагошко-психолошка служба, секретар и благајник и просторија за хигиеничари.<br>Во училиштето постојат кабинети по информатика, техничко образование и кабинет по хемија.<br>Во училиштето постои библиотека без читална. Таа е добро подредена. Во неа има околу 10.000 книги. Од педагошката литература располага со одреден број на наслови кои се сместени во просторијата на училишен педагог. Популарна литература има околу 80 наслови.<br>Училиштето располага со вкупно 34 персонализирани десктоп компјутери, 13 лаптоп компјутери, 25 мали таблети, 15 проектори, 2 смарт табли и 10 магнетни табли.<br>Во стариот дел од училиштето во тек е уредување на медијатека а останатиот дел е целосно реновиран и е во функција на учениците и вработените.<br>Санитарните јазли се комплетно реновирани на двата спрата на учелиштето и се во функција.<br>Во училишниот двор има спортска сала целосно опремена (без греење) и е во фукција за сите ученици и вработени.<br>Опремен е кабинетот по хемија со лабораториски прибор (епрувети, пипети, бирети, мензури, ерленмаери, толчник, аван, дигитални пипети, инки, заштитни очила и заштитни ракавици, лабораторсики мантили). Недостасуваат хемикалии за изведување на конкретни експерименти. Кабинетот по хемија е во функција за користење и од учениците и од вработените. |

| | |
|---|---|
| - Распоред на дежурства<br>- Директор<br>- Секретар<br>- Домаќин<br>- Досие | Целиот персонал редовно присуствува според прописите.<br><br>**Табела бр. 1** Образование на вработените<br><br>(see Table 1 below) |
| - Распоред на дежурства<br>- Директор<br>- Секретар<br>- Домаќин<br>- Досие<br>- Дневници | **Табела бр. 2** Возраст на вработените<br><br>(see Table 2 below)<br><br>**Табела бр. 3** Стаж на вработените<br><br>(see Table 3 below) |

**Табела бр. 1** Образование на вработените

| **пол** | **м-р** | **всс** | **всш** | **ссс** | **основно** | **вкупно вработени** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **машки** | / | 4 | 1 | 1 | 4 | 10 |
| **женски** | 2 | 24 | 3 | 1 | / | 30 |

**Табела бр. 2** Возраст на вработените

| 20 -30 год | 31 -40 год. | 41 – 50 год. | 51 - пензија |
|---|---|---|---|
| 2 | 12 | 13 | 13 |

**Табела бр. 3** Стаж на вработените

| **1 - 10** | **11 - 20** | **21 - 30** | **над 31** |
|---|---|---|---|
| 17 | 12 | 3 | 8 |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои** | **Кои информации се собрани?** |

| | |
|---|---|
| **се прегледани.** | |
| **1.1 Анкетни прашалници за наставници** | - Училишната библиотека просторно не ги задоволува потребите за да може да прерасне во медиатека, поради тоа друга просторија од стариот дел на училиштето е наменета за медиатека и опремувањето на истата е во тек т.е започнато е нејзино уредување<br>- Анкетираните сметаат дека и покрај горенаведените причини има доволно книги за потребите на учениците, освен лектирните изданија;<br>- Поголемиот дел од испитаниците се изјасниле дека во училиштето поголем број од компјутерите не функционираат, недостасуваат принтери, со кои би се олеснил наставниот процес;<br>- Училиштето поседува вкупно 34 персонализирани десктоп компјутери, 13 лаптоп компјутери, 25 мали таблети, 15 проектори.<br>➢ 12 персонализирани десктоп компјутери се ново набавени<br>➢ За учениците од IV одд. според новата програма се набавени 10 таблети а од МОН има донација уште на 10 таблети<br>➢ Набавени се 8 проектори и 1 проектор е донација од проектот за граѓанско образование.<br>➢ За учениците од IV одделение набавени се 2 смарт табли<br>➢ Училиштето поседува и 10 магнетни табли<br>➢ Принтери и скенери<br>- Опремен е кабинетот по хемија со лабораториски прибор (епрувети, пипети, бирети, мензури, ерленмаери, толчник, аван, дигитални пипети, инки, заштитни очила и заштитни ракавици, лабораторсики мантили). Недостасуваат хемикалии за изведување на конкретни експерименти. Кабинетот по хемија е во функција за користење и од учениците и од вработените.<br>- Стигнати се нагледни средстава по предметите биологија, физика, математика, хемија. Тие ќе бидат од голема корист за поквалитетна демонстративна настава.<br>- Во училишниот двор е изградена спортска сала за поефикасна и квалитетна настава по |

| | |
|---|---|
| | физичко и здравствено образование за учениците,<br>- Реновирани се вкупно 30 клупи.<br>- Поставени се 19 нови врати во училниците и канцелариите<br>- Поставени се венецијанки во 6 училници и 2 канцеларии<br>- Извршена е целосна замена на старото осветлување со ново во целата зграда на централното училиште<br>- Уредување на училишниот двор (тревни површини целосно уредени и проширени)<br>- Во училишниот двор засадени се украсни и декоратовни цвеќиња<br>- На училишната зграда, фасадата на местата каде што беше оштетена е обновена.<br>- Заменета е кровната конструкција на училиштето<br>- Подот во сите училници е обновен со шлајфување и лакирање на пархетот.<br>- Клупите во училниците како за наставници така и за ученици се обновени. |
| **1.2 Анкетни прашалници за родители** | - Најголем процент од испитаниците сметаат дека има потреба од кабинети и по останатите предмети,<br>- Потребен е и кабинет по музичко<br>- Во врска со прашањето за информираноста за буџетот и трошоците на училиштето најголем процент се изјасниле дека делумно се информирани за финансиската состојба. |
| **1.3 Анкетни прашалници за ученици** | - Испитаниците се согласуваат дека современо опремената библиотека би била попривлечно место за престој.<br>- Опремувањето на нови кабинети и користење на нагледни средства ќе придонесат за поквалитетна настава и подобри постигнати успеси кај учениците.<br>P.S Без изведување на експерименти по хемија, физика невозможно е да се предава правилно или да се учи успешно! |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Наставниците ги потикнуваат учениците да ја одржуваат хигиената во училиштето.
- Вработените ја имаат потребната квалификација и стручност.
- Овозможува посета на семинар, работилници, предавања и сл.
- Давање помош на наставници приправници.
- Опременост на учлниците со компјутери и проектори.
- Во подготовка е опремување на училишна медијатека.

**Слабости**

- Училиштето има потреба од просторија за индивидуален разговор со родители;
- Училиштето има потреба од просторија за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, еко – активности и стручни состаноци;

**Анализа на резултатите**

Во училишето постојат добри стандарди за реализирање на воспитно - образовниот процес. Просторните капацитети максимелно се искористени од вработените, но сепак недостасуваат кабинети во кои наставниците ќе се подготвуваат за наставниот процес.
Училишната библиотека не ги задоволува како просторно, така и со своите ресурси потребите на учениците и наставниците.
При реализирањето на воспитно-образовниот процес се чуствува потреба од основните ресурси за изведување на современата настава, како недоволен број на принтери, фотокопир и компјутери како и разгласна станица која би се користела за времето на одморите, посебно на големиот одмор како и на часовите по музичко образование и при реализирање на училишните приредби, а за тоа се потребни се поголеми финансиски средства. Во однос на ова подрачје наставниците и родителите имаат согледувања дека набавениот потрошен материјал делумно ги задоволува потребите на училиштето.
Современата настава ја наложува потребата од редовно снабдување на наставниците со потрошен материјал од типот тонер, хартија за фотокопирање кое што се јавува како слабост во досегашната анализа. Мотивираноста и стручноста на
наставниците за изведување на современа и успешна настава ќе се издигне на повисоко ниво доколку училиштето обезбеди финансиски средства за нивна професионална надградба. Обезбедувањето на финансиските средства неопходни за подобрувањето

на квалитетот на наставата може и треба да се изврши преку добивање на додатоци и разни спонзорства од страна на локалната самоуправа (која и досега помага), родителите, локалната средина, МОН, невладини организации и сл. Доколку горе наведените субјекти директно или индиректно инволвирани во работата на училиштето се подобро запознаени и консултирани за начинот на раководење и трошење на училишните средства тие ќе покажат поголема мотивираност и волја во давањето на финансиска подршка во училиштето за создавање услови за изведување на современа и поквалитетна настава. Транспаренноста во управувањето со училишните финансии обезбедува зголемување на нивото на доверба помеѓу вработените, директорот, родителите, претставниците од локалната самоуправа и локалната средина воопшто го зајакнува нивното заемно разбирање и мотивираност за соработка на добро ниво.

Во ПУ Прибачево се користи една училница за комбинирана паралелка од 1- 5 то одд. и истата е со стара столарија и дотраен под.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

- Да се истакнат еко – стандардите на повеќе видни места со цел да се потсетува за заштита на околината и да се создаде еко – химна и еко – лого на училиштето.
- Уредување на медијатеката.
- Преуредување на библиотеката.
- Печка за парно греење во спортската сала.
- Училишни шкафчиња за сите ученици
- Замена на столаријата и подот во ПУ Прибачево.
- Уредување на спортски терен во подрачното училиште за потребите на наставата по ФЗО
- Да се утврди потребата од нагледни средства
- Потреба од хемикалии за изведување на конкретни експерименти за наставата по хемија
- Професионален развој на наставниците и стручните соработници

| |
|---|
| • Развивање на соработката со НВО заради аплицирање за добивање на наменски финансиски средства за следење на трендовите во наставата и опремување на училиштето со современа технологија. |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

| **Оддели во рамките на подрачјето** |
|---|
| **7.1** Управување и раководење со училиштето<br>**7.2** Цели и креирање на училишната политика<br>**7.3** Развојно планирање |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **7.1**<br>Деловникот за работа на Училишниот одбор;<br>Статутот на | **Теми:**<br>• Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма<br>• Училишниот одбор (УО) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Во деловникот за работа на УО е пропишано задожително  присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО (освен во случаи на најавено отсуство или неименувани претставници од Основачот). Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има |

| | |
|---|---|
| училиштето;<br><br>Записниците,<br><br>одлуките и<br><br>извештаите од<br><br>работата на<br><br>Училишниот<br><br>одбор<br><br>(годишни,полуго<br><br>дишни,<br><br>посебни);<br><br>Самоевалуација<br><br>та и програма за<br><br>развој на<br><br>училиштето;<br><br>Програмата за<br><br>работа на<br><br>директорот;<br><br>Прирачник како | воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување.<br><br>• Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.<br><br>Раководниот орган на училиштето ја спроведува методологија на седум чекори еко-менаџмент и редовно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма. Раководниот орган активно е вклучен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки.<br><br>1.Орган на раководење во училиштето е Директорот и тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење во училиштето. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор и тој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите на работата се јасно дефинирани со Деловникот на работа на УО. Што се однесува до пропорционалната полова застапеност е установено дека таква има бидејќи Училишниот одбор е составен од 7 члена и тоа 4 жени и 3 мажи. Нашето училиште не е мултиетничко, поради што е и оправдано неисполнувањето на критериумот застапеност на членови по етнички состав. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и други образовни структури.<br><br>2.Надлежностите за управување и за административни задачи се дефинирани со Статутот на училиштето, засновано врз основа на Законот за основно образование<br><br>3.Раководниот тим и органот на управување во соработка со стручни комисии одржува редовни и вондредни состаноци и седници, разменува идеи и решава различни тековни проблеми настанати во процесот на извршување на основната дејност на училиштето<br><br>4.Раководниот тим одржува редовни состаноци, зависно од одделни битни проблеми и прашања,се одржуваат и вондредни состаноци.На нив воглавно присуствуваат сите уредно поканети членови, освен во исклучителни случаи |

| | |
|---|---|
| да се стане еко-училиште;Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор) од еколошката програма; | кога отсуството е претходно најавено од оправдани причини. Состаноците се водат по однапред утврден Дневен ред, а ги свикува Директорот или Претседателот на Училишниот одбор по барање на вработените. На состаноците се водат записници кои се уредно потпишани од записничарот и претседателот и како такви се чуваат во архивата на училиштето. За истото вработените и членовите се информираат преку соопштенија на огласна табла и лични покани<br><br>5. Постапки за креирање на училишната политика се:<br><br>-изготвување на годишна програма за работа;<br><br>-водење записници од состаноци и сл.;<br><br>-контрола на реализираните содржини според годишната програма<br><br>Во креирањето на политиката се вклучени<br><br>-Директорот;<br><br>-Психолошко-педагошката служба;<br><br>-Училишниот одбор;<br><br>-Стручните активи;<br><br>-Наставничкиот совет;<br><br>-Советот на родители;<br><br>-Ученици<br><br>6. Наставата се изведува на македонски јазик, бидејќи станува збор за етнички чиста средина.<br><br>7. За Годишното планирање е одговорен Директорот во соработка со психолошко-педагошката служба и наставниот кадар, а активности за долгорочно планирање постојат и истите се во писмена форма.<br><br>8. Планирањето за секоја тековна година се базира врз основа на податоци добиени од претходната учебна |

| | |
|---|---|
| | година.<br><br>9. Реалноста во планирањето се обезбедува, така што се темели врз основа на расположливите средства, стручноста и компетентноста во соработка со надлежните институции (МОН, Локална самоуправа, Биро за развој на образование), како и врз база на донации, спонзорства и сл. Во следењето на неговиот напредок се вклучени релевантни субјекти. По однос на обезбедување на материјална поддршка од локалната заедница во поголем дел испитаниците се изјаснија дека истата не е доволна.<br><br>10. Училиштето опстојува како самостојно со едно подрачно училиште во с. Прибачево.<br><br>Врз основа на прашалниците во кои беа вклучени наставници, родители и ученици се добија следниве резултати:<br><br>Истите се задоволни од раководењето на раководниот тим и од неговата транспарентност, но се забележува потребата од поголема тимска работа.<br><br>Што се однесува пак до релацијата  училиште –родители врз основа на анализата добиена од спроведениот прашалник се доаѓа до заклучок дека постои слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето, како и нивно слабо учество во креирање на политиката во истото. Обично, заклучоците донесени на ниво на раководниот тим, посредно им се пренесуваат преку преставниците од Советот на родителите на родителските средби.Таквиот начин на соработка во голема мерка го отежнува добивањето на повратна информација за одлуките на Советот на родители и од Училишниот одбор.<br><br>Постоење на целосна информираност на наставниците околу одлуките на училишниот одбор.<br><br>Општо прифатени и јавно и демократски избрани членови на раководниот тим.<br><br>Учениците, родителите и локалната заедница се редовно и навремено информирани за случувањата во училиштето.<br><br>Делумно подобрување на условите во училиштето од страна на училиштето, родителите и локалната заедница.<br><br>Претседателите на одделенските заедници во училиштето се избрани по точно дефинирани демократски процедури која вклучува тајно гласање.<br><br>Учениците ги знаат своите права и ги практикуваат, почитувајќи ги притоа и правата на другите. Истовремено ги знаат своите обврски и должности и истите ги почитуваат. Исто така и вработените како и родителите се |

| | |
|---|---|
| | запознаени со правата на децата.<br><br>Вработените, родителите и учениците се запознаени со еколошката програма. |
| **7.2**<br>Годишната програма за работа на училиштето; Самоевалуацијата; Програма за развој на училиштето; Акционите планови; Анализа на состојбата и План на активности (прв и втор чекор од еколошката програма), Записници од состаноци на еко-одборот, Анкетите/ интервјуата со директорот, стручната служба, наставниците, родителите, учениците; Записниците од УО/Советот на | **Теми:**<br>• Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика<br>- *<u>Целите на училиштето</u>* се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.<br>- Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>- Вработените, родителите и учениците се запознаени со начинот на остварување на целите и нивно подобрување<br>- Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.<br>- Вработените активно учествуваат во креирањето и вклучувањето на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика. |

| | |
|---|---|
| родители/Наставничкиот совет;<br>Интерните акти. | |
| **7.3**<br>Самоевалуацијата и Програма за развој на училиштето;<br>Планот за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови;<br>Записниците од органите и телата;<br>Интервјуата со директорот, наставниците, родителите и со учениците;<br>Годишната програма за работа; Планот за професионален развој;<br>Извештаите од интерната евалуацијата; | **Теми:**<br>• Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално-технички средства<br>**Инфраструктура**<br>- Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.<br>- Училиштето многу добро води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозиции, користејќи притоа современи методи техники при работата.<br>- Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.<br>- Училиштето систематски ги планира и ги обезбедува  материјално-техничките средства.<br>- Училиштето, по потреба интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Пописните листи; Финансискиот план на училиштето; Увидот во опремата; Увидот во инфраструктура та; Апликациите на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа, заедницата, донаторите и сл. | |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| | **Работната група е составена од слединиве наставници:**<br><br>Милева Богданова<br>Виолета Цекова<br>Билјана Јефтимова<br><br>- Наставници | На прашањето дали сте задоволни од раководењето на раководниот тим 82% се изјасниле дека се целосно се согласуваат, 8% се согласуваат, 9% делумно се сегласуваат, а 1 % не се согласуваат .<br>На прашањето дали раководењето на директорот создава пријатна и креативна атмосфера 85% целосно се согласуваат, 8% се согласуваат,6 % делумно се согласуваат, а 1% не се согласуваат.<br>На прашањето дали раководниот тим го заснова своето работење на тимска работа 20% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 27% делумно се согласуваат , а 13% не се согласуваат.<br>На прашањето дали треба да постои поголема соработка на раководниот тим со наставниот кадар 25% целосно се согласуваат, 26% се согласуваат, а 49% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали раководниот тим треба да биде транспарентен 70% целосно се согласуваат, 27% се согласуваат, 1 % делумно се согласуваат ,а 2% не се согласуваат.<br>На прашањето дали сте информирани за одлуките на училишниот одбор 62% целосно се согласуваат, 13% се согласуваат, 11% делумно се согласуваат , 14% не се согласуваат, а 0% не се запознати .<br>На прашањето дали избраните членови на раководниот тим се општо прифатени и јавно и демократски избрани 75% целосно се согласуваат, 13% се согласуваат, 0 % делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат.<br>На прашањето дали наставниците користат современи методи и техники при работа 32% целосно се согласуваат, 42% се согласуваат, 16% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стрчуниот кадар 35% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, а 25% делумно се согласуваат<br>На прашањето дали училиштето треба да води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности 43% целосно се согласуваат, 50% се согласуваат, а 7% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали учениците, родителите и локалната заедница се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето 49% целосно се согласуваат, 22% се согласуваат, 17% делумно се согласуваат,12% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето дали наставниците, родителите и локалната заедница учествуваат во составувањето на правилата за работа и подобрување на условите во училиштето 22% целосно се согласуваат, 35% се согласуваат, 21% делумно се согласуваат, а 22% не се согласуваат.<br>На прашањето дали учениците имаат можност да го изразат своето мислење за се што се случува во училиштето 35% целосно се согласуваат, 51% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат , 6% не се согласуваат, а 0% не се запознаени.<br>На прашањето дали претседателите на одделенските заедници  во училиштето се избираат по точно дефинирани демократски процедури 45% целосно се согласуваат, 35% се согласуваат ,10% делумно се согласуваат , 10% не се согласуваат, а 0% не се запознаени.<br>На прашањето дали  училиштето има демократски избрана училишна заедница 30% целосно се согласуваат, 55% се согласуваат, 5% делумно се согласуваат,10% не се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активностите 35% целосно се согласуваат, 50% се согласуваат, а 15% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали локалната  заедница обезбедува материјална поддршка на училиштето 5% целосно се согласуваат, 30% се согласуваат , 25% делумно се согласуваат, 20% не се согласуваат, а 20% не се запознаени.<br>На прашањето дали учениците ги знаат своите права и ги практикуваат 25% целосно се согласуваат, 44% се согласуваат, 31% делумно се согласуваат , а 0% не се согласуваат.<br>На прашањето дали учениците ги знаат своите обврски и должности 20% целосно се согласуваат, 28% се согласуваат, 49 делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат.<br>На прашањето дали сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата 56% целосно се согласуваат, 37% се согласуваат, а 7% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето ги запознава родителите и учениците со правата на децата 51% целосно се согласуваат, 38% се согласуваат, а11% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува 14% целосно се согласуваат, 56% се согласуваат, 24% делумно се согласуваат , 6% не се согласуваат.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето 9% целосно се согласуваат, 33% се согласуваат, 49%делумно се согласуваат, 7% делумно се согласуваат, а 2% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците се запознати со начинот на остварување на целите и нивно подобрување 20% целосно се согласуваат, 54% се согласуваат, 21% делумно се согласуваат, а 5% не се запознати.<br>На прашањето дали училиштето ги активира сите субјекти да работат на остварување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | целите 14% целосно се согласуваат, 28% се согласуваат, 41% делумно се согласуваат, 4% не се согласуваат, а 3% не се запознати<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците се запознати со еколошката програма 25% целосно се запознати, 35% се запознати, 31% делумно се запознати, а 9% не се запознати. |
| | - Родители<br>Случаен избор на родители од прво до деветто одделение | На прашањето дали сте задоволни од раководењето на раководниот тим 70% се изјасниле дека се целосно се согласуваат, 20% се согласуваат,10% делумно се сегласуваат.<br>На прашањето дали раководењето на директорот создава пријатна и креативна атмосфера 66% целосно се согласуваат,14% се согласуваат,19% делумно се согласуваат, а 1% не се согласуваат<br>На прашањето дали раководниот тим го заснова своето работење на тимска работа 15% целосно се согласуваат, 20% се согласуваат, 15% делумно се согласуваат , а 15% не се согласуваат, а 35% не се запознати.<br>На прашањето дали треба да постои поголема соработка на раководниот тим со наставниот кадар 42 % целосно се согласуваат, 41% се согласуваат, а 6% делумно се согласуваат, а 11% не се запознати.<br>На прашањето дали раководниот тим треба да биде транспарентен 53% целосно се согласуваат,40% се согласуваат, 7% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали сте информирани за одлуките на училишниот одбор 45% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат , 10% делумно се согласуваат , 6% не се согласуваат, а 3% не се запознати .<br>На прашањето дали избраните членови на раководниот тим се општо прифатени и јавно и демократски избрани 57% целосно се согласуваат, 23% се согласуваат, 15% делумно се согласуваат, 5% не се согласуваат.<br>На прашањето дали наставниците користат современи методи и техники при работа 41% целосно се согласуваат,30% се согласуваат 29% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стрчниот кадар 20% целосно се согласуваат,15% се согласуваат, 25% делумно се согласуваат,15% не се согласуваат, а 25% не се запознати.<br>На прашањето дали училиштето треба да води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности 64% целосно се согласуваат, 31% се согласуваат, а 5% делумно се согласуваат.<br>На прашањето дали учениците, родителите и локалната заедница се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето 29% целосно се согласуваат, 24% се согласуваат, 32% делумно се согласуваат,5% не се согласуваат, а 10% не се запознаени.<br>На прашањето дали наставниците, родителите и локалната заедница учествуваат во составувањето на правилата за работа и подобрување на условите во училиштето 26% |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат, 10% се согласуваат, 40% делумно се согласуваат,14% не се согласуваат, а 10% не се запознати.<br>На прашањето дали учениците имаат можност да го изразат своето мислење за се што се случува во училиштето 23% целосно се согласуваат, 54% се согласуваат, 21% делумно се согласуваат, 2% не се согласуваат, а 0% не се запознаети.<br>На прашањето дали претседателите на одделенските заедници во училиштат се избираа по точно дефинирани демократски процедури 42% целосно се согласуваат, 33% се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, 6% не се согласуваат, а 5% не се запознаени.<br>На прашањето дали училиштето има демократски избрана училишна заедница 28% целосно се согласуваат, 26% се согласуваат, 23% делумно се согласуваат, 14% не се согласуваат, а 9% не се запознаени.<br>На прашањето дали училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активностите 18% целосно се согласуваат, 28% се согласуваат, а 32% делумно се согласуваат, 8% не се согласуваат, а 14% не се запознати.<br>На прашањето дали локалната заедница обезбедува материјална поддршка на училиштето 8% целосно се согласуваат, 27% се согласуваат , 20% делумно се согласуваат, 12% не се согласуваат , а 33% не се запознати.<br>На прашањето дали учениците ги знаат своите права и ги практикуваат 32% целосно се согласуваат, 42% се согласуваат, 19% делумно се согласуваат , а 5% не се согласуваат, а 1% не се запознати.<br>На прашањето дали учениците ги знаат своите обврски и должности 28% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 28% делумно се согласуваат, а 8% не се согласуваат.<br>На прашањето дали сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата 28% целосно се согласуваат, 47% се согласуваат, 15% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето ги запознава родителите и учениците со правата на децата 33% целосно се согласуваат, 37% се согласуваат, 20% делумно се согласуваат,а 10% не се запознати.<br>На прашањето дали училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува 15% целосно се согласуваат, 18% се согласуваат, 26% делумно се согласуваат , 11% не се согласуваат, а 30% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето 21% целосно се согласуваат, 26% се согласуваат, 33% делумно се согласуваат, 11% делумно се согласуваат, а 9% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците се запознати со начинот на остварување на целите и нивно подобрување 32% целосно се согласуваат, 28% се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат, 16% делумно се согласуваат, 12% не се согласуваат, а 12% не се запознати.<br>На прашањето дали училиштето ги активира сите субјекти да работат на остварување на целите 13% целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, 10% делумно се согласуваат, 10% не се согласуваат, а 19% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците се запознати со еколошката програма 25% целосно се запознати, 48% се запознати, 20% делумно се запознати, а 7% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците учествуваат во креирање и вклучување на еколошката програма и заштита на животната средина 19% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 44% делумно се согласуваат, а 1% не се запознаени. |

| | | |
|---|---|---|
| | **- Ученици<br>Со анкетниот прашалник анкетитрани се случајно избрани ученици** | На прашањето дали сте задоволни од раководењето на раководниот тим 58% одговорија дека целосно се согласуваат, 37% се согласуваат, 4% делумно се согласуваат, а 1% не се запознаени.<br>На прашањето дали раководењето на директорот создава пријатна и креативна атмосфера 37% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 18% делумно се согласуваат, 3% не се согласуваат, а 2% не се запознати.<br>На прашањето дали наставниците користат современи методи и техники при работата 59% одговорија дека целосно се согласуваат, 31% се согласуваат, 4% делумно се согласуваат, 6 % не се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето треба да води политика за поддршка на учениците со различни способности и предиспозоции 57% одговорија дека целосно се согласуваат, 13% се согласуваат, 15% делумно се согласуваат,10% не се согласуваат, а 5% не се запознаени.<br>На прашањето дали учениците, родителите и заедницата се редовно и навремено информирани за случувањата во училиштето. 39% одговорија дека целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, а 7% не се согласуваат<br>На прашањето дали наставниците, родителите и заедницата учествуваат во составувањето на правилата за работа и подобрување на условите во училиштето, 31% одговорија дека целосно се согласуваат, 31% се согласуваат, 28% делумно се согласуваат, а 10% не се запознати<br>На прашањето дали учениците имаат можност да го изразат своето мислење за сѐ што се случува во училиштето 50% одговорија дека целосно се согласуваат, 30% се согласуваат, 10% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат<br>На прашањето дали претседателите на одделенските заедници во училиштето се избираат по точно дефинирана демократска процедура која вклучува тајно гласање 45% одговорија дека целосно се согласуваат, 21% се согласуваат, 17% делумно се согласуваат, а 7% не се согласуваат<br>На прашањето дали училиштето има демократски избрана училишна заедница, која учествува во донесувањето правила и одлуки што се однесуваат на животот на учениците во училиштето. 30% одговорија дека целосно се согласуваат, 48% се согласуваат, 14% делумно се согласуваат ,а 8% не се согласуваат<br>На прашањето дали училиштето ги потикнува и ги подржува учениците да спроведуваат активности со кои и помагаат на заедницата, 31% одговорија дека целосно се согласуваат, 56% се согласуваат, 8% делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат<br>На прашањето дали локалната заедницата му обезбедува материјална подршка на училиштето и учествува во активностите иницирани од страна на училиштето 28% одговорија дека целосно се согласуваат, 28% се согласуваат, 29% делумно се согласуваат, а 15% не се запознати |

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето дали учениците ги знаат своите права и ги практикуваат, почитувајќи ги притоа и правата на другите. 36% одговорија дека целосно се согласуваат , 40% се согласуваат,17% делумно се согласуваат ,а 7% не се согласуваат<br>На прашањето дали учениците ги знаат своите обврски и должности и ги почитуваат 29% одговорија дека целосно се согласуваат, 50% се согласуваат, 14% делумно се согласуваат, а 7% не се согласуваат<br>На прашањето дали сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата и знаат како да ги почитуваат во праксата, 59% одговорија дека целосно се согласуваат, 21% се согласуваат, 10% делумно се согласуваат, а 10% не се согласуваат.<br>На прашањето дали училиштето ги запознава родителите и учениците со правата на децата, 47% одговорија дека целосно се согласуваат , 30% се согласуваат, 15% делумно се согласуваат, 5% не се согласуваат, а 3% не се запознати<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето. 29% одговорија дека целосно се согласуваат, 53% се согласуваат, 11% делумно се согласуваат, 4% не се согласуваат, а 3% не се запознати.<br>На прашањето дали вработените, родителите и учениците се запознати со начинот на остварување на целите и нивно подобрување, 20% одговорија дека целосно се согласуваат , 58% се согласуваат, 16% делумно се согласуваат, 3% не се согласуваат, а 3% не се запознати<br>На прашањето училиштето ги активира сите субјекти (директорот, наставниците, учениците и локалните заедници) да работат на остварување на целите, 49% одговорија дека целосно се согласуваат, 36% се согласуваат, 11% делумно се согласуваат, 4% не се согласуваат<br>На прашањето вработените, родителите и учениците се запознаени со еколошката програма, 32% одговорија дека целосно се согласуваат, 48% се согласуваат,9% делумно се согласуваат, 11% не се согласуваат<br>На прашањето вработените, родителите и учениците учествуваат во креирање и вклучување во Еко-проектот и заштита на животната средина 37% одговорија дека целосно се согласуваат, 43% се согласуваат, 20% делумно се согласуваат |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

-Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности
-Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат

**Слабости**
-Во релацијата училиште-родител се бара поголема соработка меѓу наставниот кадар и раководниот тим.
-Слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето
-Родителите отежнато добиваат повратна информација за одлуките на Советот на родители и Училишниот одбор
-Релацијата ученик – училиште истакнува послаби можности за изразување на учениците

**Анализа на резултатите**

Од анализите на добиените податоци, можеме да заклучиме дека во училиштето работи транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежност и високо стручен кадар, составен од искусни наставници, како и млад кадар полн со ентузијазам за работа и доедукација. Постои висок професионализам на наставно воспитниот кадар видлив преку комуникацијата со родителите, како и разбирањето и сфаќањето на учениците, односно нивната возраст, притоа не губејќи ја меѓусебната соработка и комуникација.

Во реализација на наставно воспитниот процес и негово раководење, формирани се работни групи кои ги осмислуваат, планираат и се грижат за реализација на одредени активности како што се: Здравствена заштита, екологија и други активности согласно Годишната програма на училиштето. Училиштето овозможува, ги информира наставниците за стручно усовршување на наставно воспитниот кадар со посета на семинари, симпозиуми и конгреси организирани во Републиката и надвор.

Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.

Што се однесува пак до релацијата училиште –родители врз основа на анализата се доаѓа до заклучок дека поголемиот дел од нив се задоволни од раководењето на раководниот тим, но истите бараат малку попријатна атмосфера и поголема соработка меѓу самиот наставниот кадар. Истите сметаат дека постои слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето, како и нивно слабо учество во креирање на политиката во истото. Обично, заклучоците донесени на ниво на раководениот тим, посредно им се пренесуваат преку преставниците од Советот на родителите на родителските средби. Таквиот начин на соработка во голема

мерка го отежнува добивањето на повратна информација за одлуките на Советот на родители и од Училишниот одбор.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

**Идни активности:**

- Развивање на образовната институција за оспособување на ученици со јасна визија за иднината, ученици кои ќе ги развиваат своите потенцијали, можности и индивидуални способности. Учениците со задоволство да се образуваат во образовните институции и по завршување на образованието успешно да одговорат на современите предизвици.
- Континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар за постигнување на образовната и училишната визија, како и меѓусебно почитување и примената на принципот за взаемно почитување и толеранција.
- Зголемување на соработката меѓу родител-училиште, особено во нивната информираност.
- Овозможување на слободно изразување на учениците.

## ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

ООУ„Крсте П.Мисирков” Оризари

| |
|---|
| Период: 2022– 2024 година |
| |
| Вид на училиштето:Општинско Основно училиште |
| |
| Основач на училиштето: Општина Кочани |
| |

| |
|---|
| Наставен јазик: македонски |
| Претседател на Училишниот одбор: Јасна Христова |
| Директор на училиштето: м-р Соња Иванова |
| |
| Адреса на училиштето: ул„Маршал Тито ” бр.20 |
| Телефон: 033- 294-597 |
| E-mail: orizari_kpmisirkov@yahoo.com |
| Веб страна: http://krstepetkovmisirkov.mk/ |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129, став 2, од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 129/08 2019), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Крсте П.Мисирков "Оризари, за периодот од 2022 година до 2024 год, изврши самоевалуација на работата во ООУ „Крсте П. Мисирков" Оризари .За секое подречје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со учениците, наставниците и родителите. Комисијата во состав од пет члена - психологот на училиштето, тројца наставници и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно- образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а јаките да се одржуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

1. **Наставни планови и програми**
2. **Постигања на учениците**
3. **Учење и настава**
4. **Поддршка на учениците**
5. **Училишна клима**
6. **Ресурси**
7. **Раководење и креирање на политика**

Врз основа на добиените анализи се изведени заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања, слаби страни и приоритетни подрачја.

**1. Наставни планови и програми**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>– Училиштето ги следи и спроведува современите текови во наставата<br>– Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат<br>– Се реализираат, применуваат и се обезбедени средства и помагала и за реализација на новите наставни планови и програми одобрени од МОН за 1во и 4то одделение според новата концепција за основно образование<br>– Секоја училница е опремена со десктоп компјутер, камера и звучници за потребите на наставниците кои изведуваат настава во таа училница и во секоја училница има проектор.<br>– Наставниците редовно ги изработуваат годишните, тематските планирања и дневните подготовки<br>– Наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за целите на наставните планови и програми<br>– Училиштето го планира користењето на ресурсите од локалната средина<br>– Информираност на родителите за промените во наставните програми<br>– Учество на родителите при изборот на изборните предмети (училиштето нуди избор на повеќе изборни предмети според наставниот план и програма)<br>– Наставните програми промовираат полова еднаквост и етничка рамноправност<br>– Многубројни награди и постигнати резултати во воннаставните активности<br>– Училиштето има спортска сала за реализација на часовите по физичко воспитување. |
| **Слабости**<br>– Недоволно простории (кабинети за наставници)<br>– Потреба од поголема финансиска поддршка или соодветна награда за наставниците вклучени во воннаставните активности<br>– Наставниот план и програма се обемни за учениците<br>– Потреба од поголема информираност на родителите за наставните програми по сите предмети |

**<u>Идни активности:</u>**

Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Едукативна поддршка на наставниците за професионален развој (едукација и помош за изготвување на планови и програми  за надарени деца и деца што побавно напредуваат или за деца со посебни потреби.)
- Запознавање на сите наставници со начинот на реализација на наставата и воспитниот процес според новата концепција за основно образование
- Соодветно наградување за наставниците вклучени во воннаставните активности
- Обезбедување на соодветни простории (кабинети) за реализација на воннаставните активности
- Следење на одржувањето на дополнителната настава и ефектите од истата
- Подетално информирање на родителите за наставните планови и програми

## 2. Постигања на учениците

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Наставата е прилагодена според можностите и потребите на учениците.<br>– Голем дел од учениците и родителите се задоволни од постигнатиот успех.<br>– Училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците без разлика на половата припадност.<br>– Училиштето превзема одредени активности да ги подобри постигнувањата на учениците со потешкотии во учењето.<br>– Училиштето нуди низа воннаставни и вонучилишни активности, активно учество на учениците на конкурси и натпревари.<br>– Постои соработка помеѓу учениците, стручната служба и наставниците.<br>- Во училиштето после подолг период има само двајца ученици кои го повторувале одделението поради непосетување на настава.<br>- Уличиштето опреми кабинет по природни науки со голем број на нагледни средства по Математика, Физика, Хемија и Биологија.<br>- Училиштето го зголеми бројот на музички инструменти со цел да се развива талентот кај учениците со две гитари и едем сентисајзер.<br>- Училиштето има набавено проектори во секоја училница, 3 смарт табли и нови бели табли во сите училници за спроведување на посовремена настава од страна на наставниците<br>- Училиштето постави веницијанки на прозорите во неколку училници.<br>- Училиштето постави нови врати на сите простории во училиштето.<br>- Училиштето целосно го смени осветлувањето во сите простории.<br>- Училиштето опреми една нова канцеларија за стручните слижби.<br>- Училиштето ги реновираше целосно санитарните јазли на првиот и вториот кат.<br>- Училиштето целосно го смени кровот на здрадата.<br>- Училиштето постави хидрофор за наводнување во училишниот двор |
| **Слабости**<br>– Потреба од надминување на традиционалната настава. Наставниците почесто да користат интерактивни методи на настава.<br>– Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби.<br>– Потреба од нагледни средства по одредени наставни предмети |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

1. Обезбедување на подобри услови за работа, нагледни средства, помагала, збогатување на библиотеката со лектирни изданија, лексикони, енциклопедии и стручна литература за наставници.
2. Зајакнување на информираноста на родителите за воннаставните и вонучилишните активности.
3. Соодветна обука на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби и за методи и форми на активна и интерактивна настава.

4. Опремување на кабинети и нагледни средства по повеќе предмети
5. За поголема топлинска изолација на зградата, фасадата да ја замени со термофасада
6. Замена на греењето на нафта - со водени пумпи
7. Затоплување на спортската сала

**3 .Учење и настава**

**Клучни јаки страни**

- Наставен кадар составен од повозрасни и помлади колеги со позитивен и професионален однос кон учениците, родителите и меѓусебе, подготвени за иновации, реализација на идеи со добра организациона способност при изведување на наставата во рамките на дадените материјално-технички услови
- Учество и работа во проекти и обуки
- Меѓусебно разбирање помеѓу наставник-ученик-родител
- Градење критериуми за самооценување
- Градење и поттикнување на критично мислеење, лични ставови и нивно изразување
- Продлабочување на знаењата на учениците преку истражување, проекти, натпревари на знаења
- Развивање и одржување на меѓусебна соработка, подготвеност за помош, заедничко дружење

**Слабости**

- Отсуство на развиена свест на учениците за самоучење и самооценување
- Поголема објективност во оценувањето
- Потребна е уште поголема и почеста примена на интерактивна настава

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

1. Поотикнување на процес на самооценување и меѓусебно оценување помеѓу учениците
2. Посета на обуки за создавање на мотивирачка и позитивна атмосфера на часовите
3. Посета на обуки за интерактивни методи на настава

**4 .Поддршка на учениците**

**Клучни јаки страни**

4. Во училиштето нема телесно казнување и психичко малтретирање на учениците од страна на наставниците;
5. Во училиштето не постои никаков тип на дискриминација (според пол, способности

итн.);
6. Училиштето ги поттикнува и поддржува учениците да спроведуваат активности со кои помагаат во унапредување на заедницата (од аспект на зачувување на животната околина);

**Слабости**

4. Недостаток на обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и неспроведување обуки на наставниците за правилно постапување при вакви случаи;
5. Недостаток на соодветна просторија за обезбедување на квалитетна храна на учениците,
6. Недостасуваат работилници или поучувања наменети за учениците за спречување на меѓуврсничко насилство

**Идни активности:**

1. Кратка обука на наставниците за обезбедување на прва помош. Тие обуки може да ги врши лице од Црвениот крст или обучен кадар од редот на наставниците. Исто така, доста значајна и пожелна е набавката на кутии за прва помош кои би биле лесно достапни за наставниците;
2. Определување на просторија, во која со реконструкција ќе се обезбедат услови за добивање на квалитетна храна на учениците, доколку се оцени дека е просторно и финансиски изводливо во рамките на училишната зграда.
3. Обуки на наставниците за препознавање, спречување и санкционирање на меѓуврсничко насилство

**5.Училишна клима**

**Клучни јаки страни**

- Многу добра училишна клима во училиштето
- Многу добро развиени односи во училиштето
- Трудољубив наставен кадар
- Примерно поведение кај сите ученици, освен кај еден ученик
- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.
- Соработка со родителите на високо ниво
- Вклученост во голем број проекти

**Слабости**

- Недоволно развиен систем за наградување на учениците
- Недоволен ангажман за поинтензивно вклучување на родителите во училишните активности
- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**Идни активности:**

- Одржување на добрата училишната клима и односите во училиштето
- Промовирање на постигањата на учениците
- Поактивно вклучување на родителите во училишните активности
- Потреба од место за заедничко дружење и комуникација со родителите

**6. Ресурси**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни** |
| - Наставниците ги потикнуваат учениците да ја одржуваат хигиената во училиштето. |
| - Вработените ја имаат потребната квалификација и стручност. |
| - Овозможува посета на семинар, работилници, предавања и сл. |
| - Давање помош на наставници приправници. |
| - Опременост на училниците со компјутери и проектори. |
| - Во подготовка е опремување на училишна медијатека. |
| **Слабости** |
| - Училиштето има потреба од просторија за индивидуален разговор со родители; |
| - Училиштето има потреба од просторија за додатна, дополнителна настава, воннаставни активности, еко – активности и стручни состаноци; |

**Идни активности:**

- Да се истакнат еко – стандардите на повеќе видни места со цел да се потсетува за заштита на околината и да се создаде еко – химна и еко – лого на училиштето.
- Уредување на медијатеката/Преуредување на библиотеката.
- Печка за парно греење во спортската сала.
- Училишни шкафчиња за сите ученици
- Замена на столаријата и подот во ПУ Прибачево.
- Уредување на спортски терен во подрачното училиште за потребите на наставата по ФЗО
- Да се утврди потребата од нагледни средства
- Потреба од хемикалии за изведување на конкретни експерименти за наставата по хемија
- Професионален развој на наставниците и стручните соработници
- Развивање на соработката со НВО заради аплицирање за добивање на наменски финансиски средства за следење на трендовите во наставата и опремување на училиштето со современа технологија.

**7. Раководење и креирање на политика**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>-Транспарентен раководен тим со јасно дефинирани задачи и надлежности<br>-Учениците ги знаат своите права, обврски и должности и истите ги практикуваат |
| **Слабости**<br>-Во релацијата училиште-родител се бара поголема соработка меѓу наставниот кадар и раководниот тим.<br>-Слабо учество на родителите во активности врзани за училиштето<br>-Родителите отежнато добиваат повратна информација за одлуките на Советот на родители и Училишниот одбор<br>-Релацијата ученик – училиште истакнува послаби можности за изразување на учениците |

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во програмата за развој на училиштето**

**Идни активности:**

- Развивање на образовната институција за оспособување на ученици со јасна визија за иднината, ученици кои ќе ги развиваат своите потенцијали, можности и индивидуални способности. Учениците со задоволство да се образуваат во образовните институции и по завршување на образованието успешно да одговорат на современите предизвици.
- Континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар за постигнување на образовната и училишната визија, како и меѓусебно почитување и примената на принципот за взаемно почитување и толеранција.
- Зголемување на соработката меѓу родител-училиште, особено во нивната информираност.
- Овозможување на слободно изразување на учениците.

Крајниот заклучок од самоевалуацијата е дека политика на училиштето е постојано да се унапредува наставниот процес во однос на професионално усовршување на кадарот, развивање на можностите на учениците, соработка меѓу, наставниците, родителите и учениците, обезбедување здрава средина за нормален психо-физички развој и подигање на еколошката свест во и вон училиштето.

Извештајот е изготвен од Комисијата за изготвување на самоевалуација:

1. Сања П. Велкова (наставник по германски јазик)
2. Маргарита Велкова (наставник по математика и физика)
3. Голубина Василева (одделенски наставник)
4. Маријан Стоименов (наставник по музичко)
5. Јасна Христова (совет на родители)

Координатори:

1. Марија Величкова- училишен психолог
2. Ирена Ј. Димитрова- наставник по хемија

Директор

____________________

/Соња Иванова/